.-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 април 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, точка 32 - Информација за состојбите со производството и откупот на тутунот од реколтата 2002 година во Република Македонија.

Информацијата, Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Информацијата.

Молам, кој бара збор?

Господин Стојановски Блаже.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Сметам дека најпрво треба министерот да ни ги каже најновите информации, бидејќи со филмска брзина се одвиваа настаните овие седум - осум дена наназад. Со оглед на честите состаноци во кои што беа вклучени и премиерот и министерот за финансии и некои банки кои што не беа јавно обеледенети и со оглед на изјавите кои ги слушнавме од јавните медиуми, од страна на министерот, сметам дека добро ќе биде да го слушнеме прво министерот, пред сите пратеници да ги каже состојбите во овој момент, а потоа да дискуртираме по таа работа, затоа што не ги знаеме сите новости.

Меѓутоа, доколку министерот смета дека треба после нашите искажувања да зборува, тогаш и така може да се согласам и да дискутираме околу состојбите околу тутунопроизводството, односно со откупот на тутунот во овој момент.

Кога се работи за Прилеп, ние како предлагачи на оваа точка на дневен ред, јас и пратеникот Жарко Караџоски и пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, сметавме

дека актуелноста на ова прашање беше многу порано и требаше и малку порано да се стави и да се третира оваа проблематика на дневен ред на седницата. Меѓутоа, со оглед на тоа што на минатата седница немаше претставник на Владата на Република Македонија и со оглед на тоа што пратеничките прашања што ги поставивме во текот на месец јануари за намерите кои што ги има Владата во однос на согледувањето на состојбите за откупот на тутунот и можностите кои што ги има за откуп за да помогне во откупот на тутунот, со обезбедување на евентуална поддршка на тутунските комбинати за исплата на откупениот тутун, затоа што се работи за еден многу битен социјален момент и еден многу битен егзистенцијален момент со кој што се соочуваат жителите, особено на Прилеп и прилепско, меѓутоа и сите тутунопроизводители во нашата држава, чиј број изнесува околу 40.000 домаќинства, односно, 200.000 производители на тутун што претставува 10% од вкупното население во државата.

Со оглед на фактот дека од вкупниот извоз на ферментиран тутун и цигари кои што се остварува значаен извозен ефект е стапката која што се однесува на извозот на тутунот, кој што претставува околу 80 до 120 милиони американски долари, или 9,5% од вкупно остварениот извоз на годишно ниво. Сметам дека оваа гранка заедно со, имајќи го предвид и постоењето на Законот за тутун, треба да има и заслужува посебно внимание од страна на Владата и од страна на ова Собрание.

Инаку, кога се работи за 2002 година сметам дека нема голема разлика во начинот на кој се третира земјоделието воопшто, од начинот на кој се третира тутунот, односно тутунопроизводството. Тоа се гледа од целокупниот однос кон решавањето на ова прашање од страна на Владата, затоа што нормално е, пред отпочнувањето на откупот, или во текот на отпочнувањето Владата да има информации за состојбата во која што се наоѓаат тутунските претпријатија, откупните претпријатија кои што треба да го исплатат тој тутун и да се утврди начините на кој тоа треба да се реализира со давање на мостри за откуп на претпријатијата кои се занимаваат со откуп на тутун, како и на имање на слика за финансиската состојба и на самите претпријатија и начините на кои државата би можела да помогне во надминувањето на проблемот со откупот, односно со исплатата на откупениот тутун.

Во овој момент не сакам да се задржувам на начинот на кој се однесува Владата кон откупот на јагнињата или немам намера да расправам за откупот на млекото, за исплатата на житата, за другите проблеми кои ги тиштат земјоделските производители, за проблемите кои се однесуваат на овоштарството.

.-

Сметам дека преку описот на состојбите со откупот на тутунот преку цената по кологрaм тутун, со исплата на и онака симболичните односно неисплатата на и на онака симболичните парични средства кои треба да им се исплатат за откупениот тутун на тутунопроизводителите, а кои не ги задоволуваат ни основниот износ на средства кои тие ги потрошиле за производство на тој тутун, исплатата на тој тутун која сеуште не е отпочната, неминовно води кон заклучокот дека не само што Владата покажува исклучително незаинтересираност за ова прашање, таа почна да се вклучува во решавањето на овој проблем дури по протестите кои ги организираа тутунопроизводителите кои беа инспирирани од нивната исклучително тешка материјална состојба, со оглед на тоа што се работи за социјално најзагрозена група на граѓани, а истовремено се работи за луѓе кои склучиле договор за откуп на тутунот со тутунските комбинати и тоа врз основа на Законот за тутунот што е донесен во ова Собрание и целиот овој процес со откуп на тутунот свое место требаше да има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно Владата на Република Македонија.

Сметам дека со одолговлекувањето на решавањето на овој проблем, Владата само ги усложни состојбите со откупот на тутунот и не само со тоа, туку условите кои владеат внатре во тутунските откупни претпријатија, особено во Тутунскиот комбинат во Прилеп, каде сметам дека поприоритетно прашање за политичките субјекти беше кој ќе биде директор на Тутунскиот комбинат во Прилеп, а не на кој начин ќе се обезбедат средства за откупот на тутунот.

Кога се зборува за отпочнувањето на откупот на тутунот, тоа беше првиот знак на несериозност во пристапот кон ова прашање. Имено, секоја година откупот на тутунот започнува најрано околу 25 декември или најдоцна до 10 јануари. Тоа беше случај во претходните три години, за време на претходната влада, а оваа година откупот во Прилеп започна на 3 февруари, што до сега е незабележано доцнење. Зошто беше така јас не можам да одговорам, тоа е во сферата на оние кои се надлежни да дадат одговор на ова прашање. Не сакам да помислам дека тоа е направено со проценка дека финансиското покритие на откупот е проблематичен или дека на тој начин се нарушува и онака слабиот квалитет на тутунот од минатогодишната реколта. Убеден сум дека доцнењето со отпочнувањето на откупот на тутунот е резултат на неактивната улога на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и отсуството на координација помеѓу ова Министерство и откупните комбинати, особено со Тутунскиот комбинат во Прилеп.

Несериозниот однос на Владата, особено изразен во Прилеп, кој претставува тутунски центар во државата и неисплатата на откупениот тутун, неговата мизерна цена оваа година, директно се рефлектира на целокупното живеење во градот и во прилепскиот регион во целина.

Ако се земе во опсервација социјалниот аспект на ова прашање не може, а да не се тргне од една состојба во која се наоѓаат тутунопроизводителите чии семејства имаат по еден или ниту еден вработен од редот на своите членови, истовремено се соочуваат со големи егзистенцијални проблеми, најголем дел се корисници на социјална помош, користат социјални надоместоци од Заводот за социјални грижи преку Министерството за труд и социјална политика и сето тоа дирекно се одразува на нивниот опстанок.

Сметам дека она што го донесе Владата како одлука и Парламентот со измена на овој закон, односно парламентарното мнозинство на СДСМ, ЛДП и ДУИ на Али Ахмети беше покачувањето на данокот на додадена вредност, кој директно се одрази врз стандардот посебно на овој слој на населението. Намалувањето на бројот на корисници на социјална помош кој го Прилеп од 8.000 некаде се намали на 5.000, што значи дека околу 3.000 корисници на социјална помош сега не користат социјална помош, како и најавата за зголемување на електричната енергија во наредниот период директно влијае на состојбата која е предизвикана со неисплатата на тутунот на оваа категорија на население на тутунопроизводителите.

Кога зборуваме за изност на средства кои се влеваат на овој начин во градот Прилеп, зборуваме за износ од околу 9 милиони евра што претставува една моторна сила на прилепската чаршија, на прилепската егзистенција, на слојот на населението кое, ако се изрази во бројка претставува околу 27.000 невработени лица, како што кажав од 8.000 намалено на 5.000 семејства, кои примаат социална помош, фирми, претпријатија кои не работат како што спомнав на една од претходните седници на пратеничко прашање состојбата со Микрон, тоа беше кажано дека навистина е алармантна затоа што воопшто не се води сметка за задржување на вработените на работа, туку се води сметка само за отуѓување на имотот на таа фирма што директно ќе се одрази на таа бројка која сигурно не е мала во однос на вкупниот број на вработени особено во стопанството кој во Прилеп е навистина минимален.

Зголемување на прометот во прилепската чаршија со исплатата на тутунот и со исплатата на овие 9 милиони евра, сигурно претставува значаен дел на подобрување на егзистенцијата на голем број на лица кои индиректно зависат од

.-

исплатата на овие средства на тутунопроизводителите и на тој начин сметам ќе се поттикне прометот и надминувањето на она мртвило во кое се наоѓа Прилеп во овој момент.

Да не зборуваме за заостанатите долгови на тутнопроизводители кои се пишуваат за млеко, за леб, за основните животни продукти, а кои се надеваат дека со исплатата на тутунот ќе можат да ги исплатат овие долгови, а на овој начин се доведуваат во прашање оние кои им давале на вересија тие производи.

Кога се работи за Тутунскиот комбинат во Прилеп, доцнењето на исплатата на тутунот, може да предизвика директен удар и врз комбинатот, затоа што Комбинатот кој ги има склучено овие договори за откуп на тутунот и со тоа што во тие договори точно се наведени роковите во кои треба да биде исплатен откупениот тутун, со тоа што со исплатата се доцни кој ќе ги сноси последиците ако не е Тутунскиот комбинат од евентуалните камати кои би биле исплатени на тутунопроизводителите.

Истворемено, Владата постојано ја одбегнува темата на цената на тутунот која е навистина драстично ниска и како за пример можам да ви кажам дека во одредени села од прилепскиот регион има по килограм откуп на тутун се плаќало по 23 денари, просечната цена на ниво на Република Македонија за откупениот тутун е 73 денари што претставува навистина смешна сума за трошоците и трудот кој го имаат вложено тутунопроизводителите за производството на еден килограм тутун.

Заштитната цена на тутунот која беше донесена со одлука на Владата на Република Македонија во 1999 година сеуште претставува дискутабилно прашање, дали тоа претставува заштитна цена со која се штити социјалниот статус на тутунопроизводителите или претставува заштитна цена која задолжително ја исплаќаат тутунските комбинати зависно од квалитетот на тутунот. Меѓутоа, фактот дека во претходните три години на откуп на тутунот просечната цена на тутунот беше сите тие години над оваа цена не го постави во преден план прашањето на оваа заштитна цена која беше донесена со одлука на претходната влада во 1999 година која изнесува 111,оо денари.

Инаку, кога се зборува за цената на тутунот премијата од 15,оо денари исто така воопшто не се спомната, иако постојано беше исплаќано посебно од минатата реколта кое претставуваше значаен дел за поттик и подобрување на финансиската состојба на тутунопроизводителите и воопшто на нивната

.-

мотивираност да продолжат со обработката на тутунот и со предавање на тутунот на тутунските комбинати.

Исто така, сметам дека Владата нема дадено одговор во однос на штетите кои ги претрпеја земјоделците поради временските неповолни услови минатата година и кои се однесуваат на навистина неповолната година која беше за производство на тутун и која доведе до низок квалитет на тутунот што директно ги предизвика овие последици за кои зборував до сега, а кога на тоа ќе се додаде и она што го кажав во односот на Владата кон решавањето на ова прашање, сметам дека најпогодени во целата ситуација се тутунопроизводителите кои со просечна цена на откупениот тутун од 73 денари ви гарантирам дека не можат ниту да ги покријат трошоците, ниту за орање на нивите, ниту за купување на заштитни средства, ниту за закупнина за тие ниви, а да не зборуваме целиот начин на производство на тутун кој започнува од расадувањето, преку садењето, копањето, берењето, балирањето и т.н., кое претставува една активност во текот на целата календарска година и трудот на производителите се одразува на целото семејство, односно не се вклучува семејството како индивидуален производител на тутун, туку се влучуваат цели семејства и нивниот живот фактички е насочен кон начинот на производство на тутунот.

Кога зборуваме за моменталните состојби, ние како пратеници бевме информирани единствено преку средствата за јавно информирање, и преку некои одговори на пратенички прашања од кои единствено што слушнавме беа заканите од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое се однесуваше на одземање на лиценцата за откуп на тутунот на Тутунскиот комбинат во Прилеп. Јас сметам дека тоа беше еден несериозен приод кон ова прашање од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, и ме радува фактот што министерот во едно интервју јасно кажа дека не се мислело серозно, односно дека одземањето на лиценцата на Ттунскиот комбинат во Прилеп, имајќи ги во предвид вработените во Тутунскиот комбинат кој изнесуваат околу 2.000 и тутунопроизводителите кои директно или индиректно опфаќаат од 30 - 40 илјади лица смешно би било кога би се помислило да се одземе лиценцата за откуп на овој Тутунски комбинат.

Во однос на внатрешната состојба на Тутунскиот комбинат и нивните состојби околу именувањето на нви директори, барањето за оставки и т.н. мислам дека тоа најмалку што требаше да се случи се случи за време на овој процес на откуп на тутунот и ако тука навистдина лежеше проблемот за надминување на

.-

пробемот со исплатата на откупот на тутунот, тогаш тоа требаше да биде решено пред отпочнувањето со откуп на тутунот, а не да создаваат вакви нервозни ситуации кај тутунопроизводителите.

Односот на Владата кој доведе до протести на тутунопроизводителите за исплата на парите кои со пот ги заслужиле по кои почна да се интересираат надлежните за решавање на овој проблем, конечно и министерот за земјоделие најде за сходни и за потребно да дојде во Прилеп и изворно да се запознае со состојбите во врска со откупот на тутунот кој дотогаш ги имаше апсорбирано од страна на други лица и самото негово присуство донесе една надеж кај тутунопроизводителите дека исплатата на парите за откупениот тутун ќе биде реализирана.

Сметам дека навистина треба да се има еден посериозен однос кон измачените тутунопроизводители, еден посериозен однос кон нивната тешка социјална состојба, треба да се има еден сериозен однос од сите страни и од страна на тутунските откупни комбинати, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да се има чувство за состојбата и неопходните потреби за егзистенција кои ги имаат овие лица.

Меѓутоа, исплатата сеуште не е започната, се надеваме дека ќе започне барем пред Велигден, ако ништо друго, да се направат адетите што викаме во Прилеп, а за оваа година откупната политика на тутунот се надевам дека ќе се изгради за брзо време, сигурно не на есен или до крајот на оваа година.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Димитров Ангел.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници.

Како многу пати досега кога сме расправале за најразлични економски теми и денес кога на дневен ред ја имаме Информацијата за состојбата со производството и откупот на тутунот, некои колеги во зависност од прашањето на дневен ред и од уметничкиот впечаток кој сакаат да го остават пред македонската јавност, се заговорници те на една, те на друга крајност или се застапници на најсилна и

сеопфатна државна интервенција во економијата, или пак се заговорници за најлиберален капитализам и слободна конкуренција, каква денес не постои во ниту една развиена капиталистичка држава и можеме да ја сретнеме само во учебниците по политичка економија.

Почитувани пратеници, денес во светот скоро во сите западни економии се смалуваат границите помеѓу антикапитализмот на левицата и конзерватизмот на десницата. Па, така, во ниедна од овие држави немаме чист, лесен пристап или пак чиста државна интервенција.

Во блиското минато социјалистичките партии на Запад градеа обемни социјални држави, кои бараа стабилен пораст на дел од бруто општествениот производ кој оди во рацете на државата, а пак, Владата од своја страна требаше да го финансира отворањето на нови работни места и да применува најразновидни мерки на државен интервенционизам за усогласување на пазараната нерамнотежа. Денес скоро во сите развиени капиталистички држави е присутна политиката на намалување на даноците на доход, како би ја стимулирале економијата и бизнисот за поголеми инвестициони вложувања и за отворање на нови работни места и политиката на понатамошна приватизација на државните фирми.

Улогата на економската политика во развиените земји е да ги корегира поединечните недостатоци и грешки на пазарните механизми. На тој начин да ја спречи лошата локација на производните фактори и опаѓањето на производството и вработеноста.

Во земјите во транзиција, каква што е и Република Македонија, сеуште не постојат развиени пазарни механизми и пазарот е нефлексибилен и некомплетен. Затоа, влијанието на еконмската политика во создавањето на оптимална индустриска структура и услови за работење на претпријатијата, се уште позначајни и понеопходни.

Затоа, почитувани пратеници, и во земјоделското производство, кое е од огромно значење за секоја држава, економската политика на Владата од една страна, треба да се темели на развојот на претприемаштвото, слободната конкуренција и пазарните законитости. Но, од друга страна Владата мора да ги следи негативните ефекти од неразвиеноста и некомплетноста на пазарните механизми и во случај на поголеми нарушувања да реагира на отстранувањето на негативните последици. Што тоа значи во конкретниов пример со производството и откупот на тутунот.

.-

Како прво, претпријатијата што се занимаваат со откуп и преработка на тутун, мора да сфатат дека времето во кое тие беа монопол, како впрочем и народот долго време ги нарекуваше, е минато. Менаџерите на овие фирми не можат и понатаму така лежерно да се однесуваат кон внатрешните слабости во сопствените претпријатија во поглед на превработеноста, ниската продуктивност, лошите набавки, политиката на одржување на ликвидноста и ред други пропусти, чекајќи државата со својата интервенција да ги покрие сите нивни грешки и проблеми во работењето.

Денес во Македонија секој менаџер и управител со трговско друштво, треба сам да се грижи околу солвентноста на купувачите, ризикот за лошите пласмани, економичноста во работењето и сите други фактори за успешноста во работењето и неможат за своите слабости да ја окрувуваат Владата. Впрочем, најдобар показател за тоа е успешноста и пропаѓањето на претпријатијата од иста стопанска дејност и скоро со иста производна структура. Вакви примери има многу. Но, јас ќе ви посочам само еден. Споредете ги Тетекс од Тетово и Македонка од Штип. Кои се тоа предности или подобро опкружување што го имаше Тетекс, кој и денес успешно работи, за разлика од Македонка, која е во ликвидација.

Од Информацијата која денес ја имаме пред нас се гледа дека вакви примери имаме и во тутунската индустрија. Едни претпријатија откупиле повеќе од 1000 тони суров тутун и успеале да извршат исплата од 60 до 100 од откупеното. Други, без разлика на откупените количини, не се потрудиле да исплатат ниту 10% од откупениот тутун. Дали ова значи дека тие чекаат Владата да им обезбеди средства или гаранции за земање на кредити, без разлика на фактот што веќе должат огромни износи за веќе издадените гаранции од минатогодишните реколти. Ваквите претпријатија треба да ја понесат сопствената одговорност за лошото работење. Државата не смее и понатаму да го кредитира нивното лежерно однесување и огромните загуби, само затоа што тутунот е наша стратешка култура. Но, од друга страна, државата не смее да рече еве ние обезбедивме правна и економска рамка за пазарна конкуренција, па сега ве оставаме сами да се борите на пазарот, без разлика што жртва од таа борба ќе бидат индивидуалните тутунопроизводители.

Затоа, се надевам дека многу скоро Владата Ќе ги преземе сите неопходни мерки и ќе изнајде начин исплатата на откупениот тутун на индивидуалните тутунски производители во соработка со комбинатите кои успешно работат и кои се кредитоспособни, а сите оние трговски друштва кои лошо работат, ќе ги сносат последиците од истото. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Блаже Стојановски, реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само би поставил едно прашање и тоа многу кратко. Кога е откупен тутунот без поддршка од државата на директен или индиректен начин, како прашање кое што се однесува на целокупната дискусија на претходниот дискутант.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Каразоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

После така подолг период на чекање, еве конечно се најде на дневен ред Информацијата во однос на откупната политика на тутунот за реколтата од 2002 година. Би сакал да направам само една ретроспектива. Ние пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, јас Блаже Стојановски и Ѓорѓи Оровчанец поднесовме едно барање на 23 јануари о.г., веднаш после нашето влегување во Парламентот, после онаа апстининенција, за барање до Владата да ни достави една информација во врска со откупната политика, не сметајќи, немавме ниту дури во некои наши предвидувања до каде ќе оди оваа состојба со откупот и како ќе се врши таа исплата. Заради тоа, сметавме дека во јануари на самиот почеток на годината кога почнува откупот на тутунот, е вистински момент и вистинско време да се отвори прашање со расправа во Собранието како да ги утврдиме насоките и како ние како пратеници да упатиме еден сигнал до Владата и до оние откупни претпријатија дека тутунот треба да биде откупен и каква политика и програма за тоа ќе се спроведе. За жал, од 21 јануари Владата најде за сходно оваа информација да ја разгледа некаде на 30 март на седница на Влада, а еве дури денес на 22 април имаме можност ние пратениците да се произнесеме по онаа информација која ни ја достави Владата. Веднаш морам да кажам дека оваа процедура е според новиот Деловник, што значи не постои можност Собранието да ја задолжи Владата да изготви таква информација, туку се пропуштаме на една добра волја на Владата, доколку сака и доколку достави една таква информација, ние пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, испочитувајќи го членот 191

.-

од Деловникот поднесовме едно барање, затоа што така укажува самиот Деловник, до претседателот на Собрание оваа точка да биде ставена на дневен ред. Значи, во тој дел, еве, да и се заблагодариме на Владата што, сепак, најде за сходно, на драга волја, да ни достави една ваква информација по која што можеме да отвориме расправа и да дискутираме.

Веднаш на почетокот сакам да кажам дека ниту имам намера, ниту сакам да правам било какви маркетинзи, ниту имам намера, ниту сакам да зборувам што се случувало претходно, а што се случува сега, мислам како се вршел откупот, имавме прилика и тука беше и екс министерот за земјоделство и тој можеби подобро ќе го објасни начинот како се вршел откупот на тутунот во неговото време. Меѓутоа, се јавувам за дискусија и сакам да обрнам внимание, со оглед на тоа што доаѓам од Прилеп, од градот кој најмногу произведува тутун, од градот кој што со години се занимава со тутунот, што е традиција и навистина целиот град опстојува од ова производство, само да укажам, да покренам една иницијатива, еве конкретно до министерот. Значи, без разлика на сите квалификации, можеме да кажуваме кој одговорен, кој не е одговорен, кој како работел и што правел, меѓутоа, мораме да почувствуваме одговорност сите во себе и да излеземе, ако ништо друго, барем на оние, зборувам за Прилеп, 7000 кооперанти кои што го произведуваат тутунот. Заради тоа да излеземе во пресрет, а да не се обвинуваме и да не кажуваме овде, како што претходниот дискутант сакаше да ја успори работата, дали се виновни откупните претпријатија, дали е виновна владата, зошто не се даваат банкарски гаранции, зошто претходно се давани и тн. Мислам дека тие дискусии само ќе не одведат на некоја тема, а резултатот можеби ќе биде сосема друг.

Мене, на крајот на краиштата, ми е задоволство што можеби, не тврдам сигурно, оваа информација, оваа дискусија и овие заклучоци кои што денеска евентуално во некое идно продолжение би ги донеле, сепак, сметам дека на некој начин ја раздвижи Владата, односно го раздвижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, малку посериозно да размисли за овој проблем. Затоа што, ако го гледаме континуитетот од почетокот, од Нова година наваму, некако беше многу настрана од овие проблеми, толкувајќи ни ги законите кој кое право го има, кој треба да откупи, кој не треба да откупи и тн. Не би сакал да навлегувам во правно објаснување, во правен лавиринт, тука со министерот сме колеги и можеме на правна тема да се убедуваe колку сакаме, но двајцата не сме стручњаци, барем што се однесува до оваа материја, така што во секој случај да се насочиме онаму каде што треба да се насочиме, поточно, дали мож еа се излезе во пресрет на овие

.-

кооперанти или не може. Значи, ќе го поврзам ова и со еден друг момент. Ми се чини дека беше јануари или февруари, онаа прва седница на пратенички прашања кога имавме таа чест да поставиме пратенички прашања, тогаш министерот за земјоделство не беше присутен, не можеше усно да одговори, но на мое прашање, бидејќи не бев сигурен дека Владата воопшто ќе достави една ваква информација, поставив едно пратеничко прашање како ќе се одвива откупот на тутунот во 2002 година. Нормално, добив писмен одговор. Морам да кажам тогаш отворивме една дискусија кратка колку што дозволува Деловникот, но во погледите и во размислувањата се разидувавме со министерот, затоа што во тој одговор владеше исклучиво цитирање на одредбите од Законот за тутун и не ја видов волјата на тогаш во тоа време на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како тоа ќе излезе, поточно, дали има желба и начин Владата да помогне во откупот на тутунот. Тогаш, од устата на министерот слушнав многу категорични изјави дека Владата ниту ќе даде гаранција, дека Владата нема да учествува и дека тоа е обврска на откупните претпријатија, цитирајќи ни ги членот 15 и тн. од Законот за тутун, за да, дури отидовме, зборувам како Министерство, како Влада, отидовме дури до таму со закани, со одземање на лиценци и се во оној стил вината да се префрли само на една линија и тн., да доведе, еве денс на 22 април тутунопроизводителите и до ден денес, барем што се однесува до градот Прилеп немаат земено ниту денар од производството кое го предале.

Ме радува што министерот конечно сфати, некој во една комисиска расправа ми кажа и конечно рече, топла вода не можеме да измислиме, таа е измислена, така што ме радува што конечно министерот сфати дека не може на тој начин да се води политика. Сепак, треба да има малку повеќе разбирање. Така, после подолг период, после два или три месеци или после оној најавен штрајк и одржан штрајк во Прилеп кога се виде дека тензиите растат, кога се виде дека народот гладува и нема да стои на страна, поточно, за она што производителот си ги бара парите, веднаш ставовите на министерот почнаа да еволуираат, односно да се трансформираат, па најави можност како тоа ќе го направи Владата односно дека Владата во никој случај нема да стои на страна, туку ќе помогне со одредени средства, како што ги опиша во неговите изјави, дека ќе застане зад тутунопроизводителите.

Последната изјава на министерот е дека откупот ќе почне утре. За жал, таа изјава ја слушав една недела, утре беше и денес, зборувам за исплатата, утре е среда, само да не ни се случи како во еден познат филм, комедија кога еден одреден директор даваше плата само во петок. Работниците го прашуваа, кажи кој

.-

петок, зата што петок секоја недела само се повторува, меѓутоа, конкретно датумот го немаме. Но, јас верувам дека, особено верувам на сериозноста на министерот дека најверојатно од исплатата на тутунот, барем што се однесува до Прилеп, ќе почне од утре, односно од среда 23 април. За да не се повторува министерот утре или утре, значи да го конкретизираме 23 април.

Добро би било, господине министре, давање изјава, ветување пред Велигден е сериозна изјава и ако ништо друго барем од верски причини треба да стоиме зад она што го изјавуваме, не само одговорноста која ја сносиме со една таква изјава, но поради и тие луѓе, не ќе можат сите, барем еден дел кој што ќе успее да земе некој дел од тие пари, барем да го помине празникот како што доликува.

Инаку, самата Информација, да бидам искрен, очекував дека ќе има ваква содржина. Ништо надвор од законот, се во рамките на законот. Во Информацијата нема ниту една реченица од оние изјави што сега министерот ги пласира како Владата ќе одигра улогата  во смисла на исплатата и тн. туку едноставно Информацијата ги дели претпријатијата на три рупи. Едни, кои што воопшто не отпочнале со откуп ниту со исплата, други кои што го реализирале откупот, а не почнале со исплата и трети кои што и почнале со откуп, но и некаде при крај се со исплатата на тутунот. Категоризацијата ја прави Министерството за земјоделство согласно обврските и согласно членовите кои што ги има во Законот за тутун и тоа е потполно исправна работа. Категоризацијата не значи само едно просто шематско набројување, кои се сега оние претпријатија кои што обезбедиле пари и тн., туку таа категоризација односно квалификација значи нешто друго, кое што министерот, барем што се однесува до Телевизија Тера на негово интервју, умешно го избегнува да го каже, иако претходно го најавуваше дека таа категоризација, односно квалификација утре или други ден ќе биде основа за мерките кои што Владата ќе ги прави по однос на тутунопроизводството во рамките на новата реколта 2003. Тоа значи кому ќе дадеме лиценца, кому ќе одземеме лиценца, кој ќе може да врши откуп и како ќе го врши тој откуп и на крајот на краиштата колкаво ќе биде тоа производство планирано за 2003 година, што е исто така обврска на Министерството за земјоделство.

Сакам да напоменам една работа, држејќи се како Влада на страна или како што кажа колегата претходно дека тука се вмешала државата, дека ние со години не можеме да се ослободиме од либарализација на пазарот и тн., се некои теории кои што ние можеби сите сакаме да бидат така, но за жал, состојбите во Македонија се сосема други. Значи, тргањето на Владата на страна, нема да може да биде така

.-

лесно, барем не, ако веќе зборуваме за Тутунскиот комбинат - Прилеп или за Прилеп како град.

Да не саборавиме само еден податок, Владата е акционер во Тутунскиот комбинат со 30% сопствени акции, кои што ги има преку свој застапник, што значи учествува и во креирањето на политиката, односно учествува во тој вкупен процент на акции, што значи дека не може да седи така лесно на страна.

Значи, мора да има една активна улога во креирањето на политиката итн. Сега, ако земеме предвид дека нас во Парламентот ни се случува секоја година ние да расправаме како пратеници по однос на откупната политика на тututнот, што поведени од една ваква состојба како што е годинава, што чисто заради информација да се каже некогаш маркетиншки, некогаш да се усмери нешто. Меѓутоа, барем во овие четири години кога јас бев пратеник во преетходниот состав имавме една порелаксирана состојба, барем што се однесува до исплатата на тутунот, откупот на тутунот итн. единствено кое што важеше, односно кое постоеше меѓу тутунопроизводителите беше: треба да ни исплатите повисока цена. Значи, беа незадоволни од цената на тututнот за да последната година исплативме и премии. Тие премии се обезбедија преку Фондот за земјоделие итн., со конкретни мерки на Владата која во тоа време ги носеше и за да таа состојба на откупните цени на некој начин, ја санираме преку тие премии кои ги дадовме и не само да се санира, туку и да се стимулира наредното производство итн., Се со цел таа категорија на граѓани кои што го произведуваат тутунот да бидат на некој начин задоволни. Денеска се наоѓаме во една ситуација да самите тутунопроизводители прво не знаат што да прават. Почнува расадувањето, веќе се посеани расадите, а од друга страна треба да се склучуваат договори за наредното производство и сега самите тутунопроизводители се доведуваат во една ситуација да не знаат што да прават, дали да произведуваат во 2003 година и да се надеваат дека може би до 2005 ќе земат некаков денар, па ќе обвинуваме тутунски комбинат, влада, итн., за на крајот да испадне дека можеби никој нема да се офајди. Таква е состојбата.

Ако во оние претходни четири години беше дискутабилно која ќе биде цената на тутунот, на суровиот тутун, можеби можевме да трпиме критики заради некои ветувања кои што некои од нашата коалиција во 1998 година ги даде, па веднаш после нашата победа во 1998 година, ни се случи после три месеци штрајк во Прилеп каде што беа бојкотирани предавањето на тутунот заради тоа да се постигне повисока цена од онаа која што беше исплатена претходната година кога беше СДСМ на власт. Тоа бојкотирање на предавањето на тутунот треше месец и пол,

.-

скоро два. И мислам дека откупот поради штрајкот на производителите почна дури во март месец откако се најде некаков заеднички јазик во едни скратени рокови да биде извршен откупот, но и исплатата истовремено. Така што можам да кажам во споредба со оваа година ако доцневме, односно ако доцнеше и тутунскиот комбинат во Прилеп, нека доцнеше месец до месец ипол што во секој случај иако е третиран како една лоша тогашна политика за тутунопроизводителите, оваа е преседан што незнам кога последен пат се повторило. И тука пак ќе најдеме оправдување, министерот ќе каже, па тој таму директор во тутунски комбинат во Прилеп цело време ме лаже. Тој цело време ми тврди, па тутунскиот комбинат има пари и зошто сега барате гаранција од Владата кога имате пари. Мислам дека за еден министер не е својствено да може еден обичен директор да го лаже. Веројатно Министерството има таква институција и тоа треба да го утврди како што овде ни го утврди во информацијата целиот биланс буквално на сите откупни претпријатија, нивната задолженост, вкупниот број на врботените, нивната структура на капитал. Значи дека Министерството ги има информациите. И не може министерот да се правда со тоа што, па знаете што, тој директор цело време тврди дека имал пари. Се случи и една друга работа, откако се разубедуваа директорот на тутунскиот комбинат од Прилеп и министерот дали има пари, потоа почнаа да се разубедуваат колку има пари. Па нели ни се случи една изјава, три милиони евра ќе обезбеди тутунскиот комбинат, па ги чува на посебна сметка, па не беа три, беа четири, на крајот испаднаа шест, но на крајот испадна дека нема ништо. И тоа требаше да трае цели три, односно четири месеци, за да на крајот на краиштата страда тутунопроизводителот. Мораше господине министре многу порано тоа да се види, многу порано да се испита дали тутунскиот комбинат, јас зборував за Прилеп, потенцирам бидејќи доаѓам од таму, подобро ја знам таа состојба отколку во другите градови. Значи, не мораше да чекаме ние четири месеци за да утврдиме има ли некои пари, или нема пари. Мислам тоа излегува од вашите изјави кои што ги читав и слушав.

Исто така, јас ќе кажам пак, некој овде утврди, откри дека ја открил топлата вода, иако пред него била откриена па одеднаш сега се повикуваме на тоа дека гаранциите за давање на комерцијални кредити не биле законски. Точно така, не се законски, но, токму тоа е проблемот што велам со топлата вода, тоа одамна некој и пред вас го знаел. Не станува збор господине министре слепо да го почитуваме законот, односно да се држиме на одредени одредби. Битна е политичката волја и сваќањето на маката на тие тутунопроизводители. Ако тоа го имаме, ако имаме едно

.-

такво чувство може да се најде нажин и да се реши тој проблем многу порано отколку сега. Како што сега го наоѓате начинот, така можеше тоа да се направи и во јануар и во февруар, или барем да се наговестеше, а не да се одеше категорично: Владата нема пари, Владата нема да даде ништо, Владата ќе ги одземе лиценците. Јас да ви преведам што тоа би значело на прилепски еве, за Прилеп одземањето на лиценца за да речеме тутунскиот комбинат по оние наводи кои што ги кажувате во информацијата за неговото лошо финансиско работење итн.

Прво, уништувате, односно би се уништил еден комбинат кој има традиција на постоење од 130 и повеќе години, се уништува еден град во целина, затоа што колку ние да ги пофалиме една “Витаминка”, еден Мермерен комбинат, една Пивара кои на овој, или на оној начин добро функционираат, меѓутоа, столбот за Прилеп е Тутунскиот комбинат. Голем дел од луѓе живеат од тутунот што директно во тутунскиот комбинат со 1800 до 2000 вработени, колку се тоа членови на семејства, 7000 коопeранти кои диркетно живеат од тутунот, исто така колку се тоа семејства, не би ги множел по три, или четири, помножете ги само по два, па ќе видите која е таа бројка. И да не зборувам за онаа индиректна зависност која што вака, или онака е поврзана со тутунскиот комбинат, односно со тутунот како стратегија. и трговијата и сите други останати фирми во градот живеат и чекаат пари од исплатата на тутунот. Еве ви го, ние правниците велиме, корпус деликти, директен доказ. Прошетајте се низ улиците на Прилеп, низ старата чаршија која има своја вековна традиција и видете кој во тие дуќани денеска прави промет. Зошто нема промет многу едноставно е да се објасни, затоа што во овие месеци сите, односно трговците и сите прилепчани чекаат пари од тутунот.

Сега да ви кажам една друга прилепска изрека. Имаше обичај претходните години кога се купуваше за Нова година, за Божиќ итн., граѓаните на Прилеп ги чекаа парите од тутунот, затоа што уште не беше почната исплатата, па имаа обичај кога влегуваат во продавници да кажат: дај ќе го купам ова, меѓутоа, пиши ме, ќе ти платам од тутунот. Трговците веруваа на тоа и им даваа стока на вересија. Денеска кажете во Прилеп: дајте ми го ова, ќе ви го платам од тутунот, ќе ви ја скршат главата, затоа што повеќе никој не верува дека некој ќе го исплати тутунот, односно почнувајќи на овој начин како се исплаќа тутунот, нема таков трговец кој ќе ве финансира 4, или 5, месеци или може би цела година, а да не знае дали воопшто ќе земе пари. Значи, битно е чувството, битна е политичката волја, или волјата како Влада и за тоа можам да кажам господине министре или колеги пратеници од владеачката структура за разлика од нас, ја нема колешката да и го кажам, од нас

.-

пратениците на ВМРО-ДПМНЕ со начинот на кој што нашата Влада размислуваше по однос на тие прашања, далеку, далеку се разликуваме. Значи ако се вратиме наназад, ако разгледаме во која година, еве јас ќе прашам само за тутунскиот комбинат во Прилеп, кога Тутунскиот комбинат во Прилеп имал сопствени средства да го откупи тутунот. Јас искрено не памтам, откако сум роден не памтам дека некогаш тутунскиот комбинат имал сопствени средства за да почне со отплата на тутунот. Секогаш тоа се пратело со политика на Владата на начин кој што, дали тоа ќе било со гаранции,иако не се законски, кога постои волја тоа ќе се регулира, дали на некој друг начин, не сум бил во Влада, незнам. Меѓутоа, знам дека постоела волја и дека на тој начин се решавале проблемите. Четирите години за кои што памтам не би сакал да зборувам за пред тие четири години, иако знам дека исплатата се вршеше со огромни редици, па на рати, па ни се случуваше луѓето да паѓаат во несвест во банките, па дури човек и да умре од долгото чекање. Не би сакал само тоа да се повтори сега, меѓутоа, четирите години откако господинот Марјан Ѓорчев беше министер за земјоделие, можам да кажам тоа што го памтам и знам, што се однесуваше до исплатата на тутунот беше и откупот и исплатата беше редовна и во рамките на предвидените рокови. Сега некој од колегите ќе каже: да, меѓутоа, тутунскиот комбинат не бил толку задолжен, последица на овие две или три години има огромни загуби итн., па тоа е причината што оваа Влада повеќе не може да излегува во пресрет, па за да го зачуваме буџетот онака како што сме го испланирале, или да не кажам, да не го расипеме аранжманот, недај боже со ММФ, ние мораме да водиме сметка за расходната страна на буџетот. Според тоа, ако треба ќе се откажеме од 7 илјади кооперанти, или било како, да не зборувам сега, сигурно до таму нема да појдеме.

Исто, да се вратиме наназад, пак јас откога памтам, па ајде да не одам толку многу далеку, но, да се вратам 8 години наназад, па да ја погледнеме таа материјално финансиска работа во тутунски комбинати, јас ви тврдам дека никогаш не била подобра, или полоша отколку што е сега. Тие долгови кои што вие ги кажувате, може би има во овие години, незнам, не сум стручњак, не сум правел ревизија, но на крајот на краиштата има кој да прави ревизија, меѓутоа, свесен сум и знам само колку пари тутунскиот комбинат од Прилеп не зеде од Македонија табак по основ на обврски кои ги имаше Македонија табак на чело со Шутурко за тутунскиот комбинат во Прилеп, некаде бројка од 45 милиони долари останаа ненаплатени. Јас имам тука некои податоци, не сакам да ве замарам, меѓутоа, факт е дека долгови имало господине министре и пред 2001 година и пред 2000 и пред

.-

1998 кога дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт, зборувам како Влада. Но, заради интерес, односно заради чувствителноста со проблемот на тие коопeранти, на таа мака која само прилепчанец може да ја знае. Меѓутоа, барем во Прилеп е позната маката на тутунопроизводителите, неспоредлива е со ниедна друга. Денеска читав во Вест еве, ви препорачувам да го прочитате тој натпис на еден тутунопроизводител , доста емотивен, не би сакал да го цитирам, меѓутоа, навистина емотивен , кога човекот сам се кае зошто сопственото дете го терал со сила, го будел во раните утрински часови, во четири часот за да го однесе на нива, за да дојде до некаков производ, затоа што од друго нема што да егзистира и затоа што тоа дете морало да станува во 4 часот и цела фамилија да биде малтретирана толку долго време само додека го насадат, оберат, испеглаат итн., за да на крајот на краиштата убедувајќи го му велел: синко работи, за да ти купам нови патики. Новите патики одамна не се купени, беа планирани за Божик, дојде Велигден, ги нема ни за Велигден. На крајот на краиштата детето ќе си помине со стари патики, заради тоа што пак ќе кажам, некои се убедувавме кој е одговорен, зошто е одговорен и како е одговорен. Според тоа, јас би апелирал, бидејќи како пратеници не можеме да не бидеме одговорни, не можеме да бидеме нечувствителни за онаа мака, бидејќи доаѓам од Прилеп. Имавме и една средба со луѓето кои што штрајкуваа, дадовме ветување дека она што е до нас како пратеници ќе помогнеме, ќе бидеме консруктивни во смисла на тоа да најдеме некои начини, односно да сугерираме, или да апелираме до Владата овој проблем да биде решен, поточно да почне исплатата на тутунот. Мене ме радува што конечно од ваша уста слушнав, а овде има и писмо, информација од тие штрајкувачи со кои што сте имале средба каде што сте ветиле, еве ќе цитирам: министерот побара трпение и цврсто вети дека во најкраток рок ќе се испочитуваат сите договорени обврски, односно во најкраток можен рок ќе отпочне исплатата на тутунот на производителите. Верувам дека ова е сериозна работа, дека најверојатно утре ќе отпочне исплатата. Не ме интгересира на кој начин, дали преку стокови резерви, дали вака или онака, тоа е обврска на Владата. Единствено што ме интересира е тие тутунопроизводители да земат, односно да си го наплатат она кое што го заслужиле.

И друго, господине министре, само една сугестија, сфатете ја како сакате, пренесете ја, можеби не сте вие тука директно, бидејќи сте само еден од многуте во Владата, но пренесете ја и следната сугестија. Да не дозволите барем не вие како министер за земјоделие навистина одговорен ресор, да не дозволите, верувам дека Владата ќе ја заврши работата со отплатата на тутуно производителите. Прво, да не

.-

дозволите тоа да се случи да се исплаќа на рати. Да не дозволите барем вие да сугерирате да не биде: дајте сега да прифатиме 30% од вкупното, па после месец, или незнам како, кога ќе имаме средства зависно од продажбата на тендерот или како ќе доаѓа приливот, бидејќи слушнав многу такви изјави. Значи, да се борите да биде исплатен целиот износ на она што е предадено од тутунот, бидејќи и онака нивната мака е обезвреднета. Ако тутунарите го зедоа својот наплатен пот и наплата на мака, на време кога требаа да земат, сигурно тие пари повеќе ќе вредеа отколку денеска кога ДДВ отиде за 13% нагоре. Искрено да ви кажам не му веруваат на Гошев дека 5 било поголемо од 18 и јас се обидував да ги убедам дека тоа е така , меѓутоа не ми веруваат, затоа што последиве денови тоа го чувствуваат на џебот. Не веруваат и дека струјата ќе остане ваква каква што е, затоа што се почести се најавите дека таа ќе оди барем сега 7% итн., но, да не навлегуваме во тоа. И вака и онака сакам да кажам дека нивната мака е веќе девалвирана со порастот на ДДВ. И затоа ако сега уште му ја исцепкаме заслужената мака и заслужените пари на рати, тогаш ништо од тоа нема да осетат, не ќе можат дури ниту долговите да ги вратат. Значи, тоа е едната сугестија.

И втората сугестија ви апелирам, значи, во сите мерки кои што Владата би ги презела да водите сметка тутунскиот комбинат во Прилеп без разлика какви мерки согласно закон имате, на тутунскиот комбинат на таа вековна традиција која ја има, да не дозволите да биде уништен. Вака, како што тргнаа најавите, на начинот на кој мислите да го исплатите тутунот преку стоковите резерви да го преземете тутунот, тие пари воопшто да не легнат во тутунскиот комбинат, вие директно ја одземате работата на тутунскиот комбинат, поточно, 1100 души таму нема што да работат. Ако вие тутунот, односно парите не ги дадете на комбинатот, односно не ја извршите исплатата преку комбинатот, тој нема што да произведува, односно нема што да работи со тој откуп, ниту пак ќе може да го продава, односно она што му е и основна дејност, а тоа е цел еден погон наречен манипулација, ферментација, да не ви објаснувам, подобро знаете од мене, се доведува во прашање како да егзистира. Значи, не барајте го виновникот, вие барајте си го како што тоа кажува законот, но пак имајте некое чувство во правец да не уништиме она што има вековна традиција да не уништиме она што може би ќе го доведе целиот град во опстанок, или да не речам повеќе и целата држава. Зошто тоа го велам? Сами го кажувате во информацијата, тутунот не е што било, тутунот е сепак стратешки производ. Производ, еве, само ќе ви кажам, вие го наведовте во информацијата, значи егзистираат 40 илјади домаќинства односно 200 илјади производители, тоа не е

.-

бројка која треба да ја потцениме. Исто така, па вели 10% од вкупното население, значи не е бројка која треба да се потцени и треба да бидеме малку посериозни и поодговорни. Па друго и извозниот ефект сами го наведувате во информацијата дека е од 80 до 120 милијарди долари, 9,5% од вкупниот остварен износ на годишно ниво. Значи, имаме интерес што се однесува и од страна на државата и од страна на комбинатите и од страна на крајот на краиштата на тие што ги произведуваат. Сите овие аргументи, сите овие факти треба навистина сериозно да се разгледаат. Јас верувам во вашата заложба дека она што го ветивте, ќе го остварите и верувам дека овие мои сугестии кои ги кажав на некој начин ќе ги послушате и дека нема да дозволите барем што се однесува до Прилеп тутунскиот комбинат и целото тоа производство на тутун, тутунопроизводителите да дојдат во една состојба да не знаат што да прават утре, или да не знаат каде да се, да не речам селат, или со што друго да се занимаваат освен со она што е традиција.

Само ќе кажам уште една реченица во поглед на она што колегата пред мене зборуваше. Сите кои произведуваат тутун многу добро знаат каква е таа мака. Јас сум убеден може би дека немало да бидат волкави количини на тутун, толку кооперанти и толку производители доколку она за што вие колега зборувавте во Македонија е реалност, значи да имавме една либерализација на стопанство, да имавме развиено стопанство. Кому денеска му се работи и тоа по цел дел, дење ноќе, од сабајле рано за да дојде до еден приход кој не ги задоволува ниту животните потреби. Но, за жал состојбата во РМ, е таква.

Да покрај сета економска криза, покрај огромната невработеност остана уште да речеме тутунот и некои земјоделски производи со кои што може да се има каков таков живот. Иако уште нив ги уништиме, не бранков закон , пет Бранкови закони да донесете, па дури и Титов закон, не од Тито Петковски туку Јосип Броз Тито да го вратите, нема да успее.

Според тоа, барем онаму каде што може, а тоа е барем во земјоделието да не дозволиме единствената алтернатива која кај овие граѓани постои да ја зачуваме на некој начин.

Се извинувам на господинот Тито Петковски,не го спомнав него, мислев на Јосип Броз Тито.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Му благодариме на господинот Жарко Караџовски.

За реплика се јавува госпоѓа Роза Топузовска-Каровска.

РОЗА ТОПУЗОВСКА-КАРОВСКА:

Почитуван господине Караџовски, почитувнаи пратеници,

Многу е недолично и невкусно кога на дневен ред е еден многу сериозен проблем кој ги засега најголемито дел на граѓаните од Прилеп, оптоварени со мислата како да го преживеат денот, а не месецот, од говорницата да се презентираат шеги од типот овој или оној  Титов или Бранков закон.

Поради тоа неверојано сака да се прикаже голема загриженост за нив, или можеби повеќе се сака да се симне личната одговорност, со крајно лицемерен однос искажан кон своите сограѓани.

И покрај долгите маратонски  еднолични говори по било која точка  од дневниот ред, господинот Караџовски, граѓаните на Прилеп ама баш ништо не ги веруваат. Можеби токму поради осмехот на вашето лице со кое цело време тоа го докажувате и можеби поради ноншалантноста со која говорите за човечките невољи и очајни состојби во кои во овој момент се наоѓаат граѓаните од Прилеп. Замислете се малку за својата одговорност и ве молам да бидете по сериозни кога говорите за своите сограѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, реплика на реплика има господинот Караџовски.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Имам за жал само една минута, а многу работи можам да искажам , меѓутоа, не ми дозволува времето. Само неколку работи ќе ги исцитирам со господинот Црвенковски. Како што тој кажа дека јас имам огромна желба да влегувам во полемики со него, јас морам да констатирам дека госпоѓата Роза Топузовска очигледно многу сака да реплицира со мене. Не постои седница на која што не ми сугерира.

По однос на мојата сериозност, или несериозност, или потсмев како да го наречам, јас морам да ви кажам мојот карактер, мојата личност е таа. Ако таа замислува да биде некаков сериозен најмалку што ќе бев, ќе бев генерален секретар на ЛДП. Меѓутоа, со оглед на тоа што не сум, таа функција и припадна на нејзе.  Не може секој да биде одговорен и затоа не е секој генерален секретар.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ова е застранување од темата, меѓутоа, одиме понатаму, има збор господинот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитуван министре.

Би сакал да кажам нешто колку претставува тежината на оваа култура, макотрпна култура за производство. Ако би ја сврстиле како култура во индустриските култури од земјоделското производство би рекол дека тежина има производството на полиделското производство тежина има на сточарското производство, тежина има градинарското производство. Меѓутоа, како индустриска култура , оваа култура е една од најмакотрпните култури за производство. Нема овдека да напоменеме дека за прв пат, откако се произведува тутун во Републиката, успеа Владата на Ѓорѓиевски да обезбеди премија од кои земјоделците ширум целата Република беа презадоволни. А сега што се случи со оваа култура да се укине премијата и да се исплати од 50 до 70 денари просечна цена за килограм тутун. Откупните претпријатија им нудат преполовени цени од ланската цена по килограм тутун. Со ваквите цени македонскиот тутунопроизводител сигурно ќе стане загрозен во сопствената земја.

Почитувани пратеници, се работи за 200 илјади жители кои се најсиромашниот слој од населението, а мора да се каже на овие луѓе, на овој слој единствен извор на пари им е тутунот. Ние знаеме на тутунарите дека маката им трае со години. Но како оваа година никогаш не било со такви ниски цени. Ова може да го почувствува само оној кој што одгледувал и произведувал тутун. Оваа култура бара најголем човечки труд. Ако змеме еден пример, ако едно четворочлено семејство произведе 800 килограми тутун и му се плати од 60 до 70 денари по килограм, тоа семејство ќе заработи 48 илјади денари, што значи немаат по 3 илјади денари месечна плата. А каде се другите трошоци, да не зборуваме што ги вложил индивидуалниот земјоделеец за оваа култура. На ваков начин луѓето што го произведуваат овој стратешки производ ќе бидат фрлени на маргините од државниот интерес. Со вакви ниски цени тутунопроизводителите не ќе може во иднина ни да помислат да ги садат површините со расад, а тоа ќе предизвика големи штети во стопанството, затоа што тутунопроизводството е врзано со тутунската индустрија. Затоа државата мора да интервенира, да го заштити населението од овој слој на граѓани, кои се занимаваат со производство на тутун. Бидејки тутунот е заштитен со закон, има гарантирана цена и таа мора да се спроведе да достигне гарантирана цена. Просечната цена му дојде некаде до 130 денари, а оваа година просечната цена се движи околу 70 денари по килограм. Затоа Владата да изнајде средства, ако не зане има луѓе што знаат и умејат да ја

.-

извлечат оваа состојба во оваа ситуација во која се наоѓа во тешка состојба. А камоли да зборуваме што ќе се случи понатаму со другите култури. Иако морам да кажам дека ако земјоделието е главен и основен столб за развој на оваа гранка, а ние сакаме да го процениме токму ова тутунопроизводство затоа што 200 илјади жители живееат од оваа гранка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на господинот Србиновски.

Збор има господинот Марјан Ѓорчев.

МРАЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувана госпоѓо потпретседател на Собранеито, почитуван господине министре на Владата на Република Македонија за земјоделство, шумарство и водостопанство, почитувани дами и господа, членови на Македонскиот Парламент,

За мене како член на Парламентот на Република Македонија многу е битен приодот со кој што ние ја разгледуваме оваа информација, подготвена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Дали приод као пратеници во Парламентот е само согледување и воочување на неколку пристојно склопени реченици со фактографски состојби или бројки , или пак нашиот приод е така да можеме да го разбериме фетишкиот карактер на оваа информација што се крие  зад она што е презентирано како фактографија, а се крие најтежок облик на физички труд прво, а потаму егзистенција и борба за егзистенционален минимум на најсиромашните слоеви на макеоднското општество. Се крие исто така прилив односно девизен прилив на над 100 милиони долари воопшто како извозен аутпут на извозот на ферментиран тутун и цигари од Република Македонија и на крај исто така се крие голем придонес на плаќање акцизи во Буџетот на Република Македонија , прометот на цигари во Република Македонија .

Значи така ако погледнеме тогаш оваа информација навистина заслужува мошне големо внимание за сите нас, затоа што се работи за стратегиска култура во севкупниот сегмент на земјоделско производство во Република Македонија .

Во државите ширум светот , дали е тоа Голема Британија стратегијата за производство на челик и производството на нафта од океанскит еи морските длабочини, а за Русија можеби тоа е гасот, за некои други држави, друга култура или друг вид на производство. За Република Македонија една од основните стратешки компоненти на севкупното производство воопшто, пооделно земјоделското

претставува тутунопроизводството, ситно листен ориентален тип на тутун со наши автоктони сорти Прилеп и Јака.

Што значи стратегија? Стратегија значи заедно некаде да гледаме далеку напред и во некоја пресечна точка да е најдеме како граѓани на Република Македонија остварувајки во таа стратешка димензија компоненти, традиција, знаење и умеење, профит, девизни приливи, акцизи и воопшо,подобар живот за граѓаните на Република Македонија .

Со самото тоа што тутунопроизводството како стратешка димензија, која што носи над 100 милиона долари, или некаде тоа е приближно 10% од вкупно остварениот извоз на Република Македонија , исто така овозможува егзистенција на 40 илјади семејства, директно вклучени во тутунопроизводството и 8 илјади семејства кои што живеат индиректно како членови , односно вработени во тутунските претпријатија ширум државата.

Се наметнува прашањето дали ние сега како држава треба да учествуваме и да го помагаме тутунопроизводството во целина и воопшто да ги помагаме претпријатијата кои што стопанисуваат во овој сегмент при ферментација на тутунот и производство на цигари, или пак , треба да бидеме амбивалентни кон тоа и да се однесуваме на начин како што тука некои претходни дискутанти, членови на Парламентот кажаа во една либерална економија каде што е главното мото да се работи по принципите на пазарот, почитувајки ги пазарните законитости и почитувајки ги профитните законитости.

Можам да кажам дека секаде во Европа , значи ние сме европска земја , и во земјите од блиското опкружување производството на тутун се субвенционира, особено производството на тутун кој што е идентичен со нашиот ситно листен , ориентален. Тоа го прави Турција, со субвенционирање на својот главен тип на ориентален тутун самсун, тоа го прави Грција со субвенционирање на својот ситнолистен тутун басма, тоа го прави Бугарија , тоа го прави Србија и Црна Гора, тоа го прави и го правеше во изминатите децении Република Македонија . Затоа што двата основни постулата на Светската банка, која што во овој глобален свет е промотор воопшто на развојот на човечштвото, тоа се борба против сиромаштијата и второ борба за одржлив економски развој, кој што во себе ги содржи сите компоненти екологија, технологија, развој и сите други модели. Тутунопроизводството ги опфаќа и двата постулата.

Прво, со тутунопроизводство се занимаваат најсиромашните слоеви во македонското општество, затоа што по единица глава остварениот приход од

.-

тутунопроизводството не надминува повеќе од 1500 денари месечно, а тоа е најнизок би рекол, доход по единица глава која што се занимава со производство на тутун, воопшто за било која култура и при организирање на било кое производство во Република Македонија и

Второ, тутунопроизводството се одвива во региони каде што друго не може да се произведува. На пример, во Струмичкиот регион во Сушица , во Огражденскиот регион , таму освен тутун и афијон не може да се произведува друго, а со една резолуција која што Југославија ја има потпишано воопшто тогаш со ЕУ за забран ана производство на афијон, останува само културата тутун. Исто така во најголем дел во Прилепскиот регион, или во делот на Велес , Оризари, или во делот на Тиквешијата на песочните ридишта на Тиквешкиот регион можат да се произведуваат само неколку култури , а тоа се тутун, афијон или памук, памукот одамна е исфрлен од производство во Република Македонија , афијот во некои региони од Република Македонија со таа резолуција што Југославија ја има потпишано исто така е забранет во тие региони да се произведува, значи останува како единствено средство за егзистенција тутунопроизводството. Значи тоа е монокултурно производство на најсиромашни граѓани во државата Македонија и едноставно значи согласно постулатите на Светската банка и согласно она што претставува модусуивенди за ЕУ, за целиот западен свет, оној кон кој ние се стремиме, развиен свет Европската Унија , а и поширокото опкружување, потесното најпрво Грција е членка на ЕУ, Бугарија земја кандидат членка на ЕУ, Турција исто така претендент за влез во ЕУ, Србија и Црна Гора земји кои што се во процесот на стабилизација и асоцијација, едноставно ние следејки ги тие примери и не само тие примери, следејки ја традицијата и минатото . Да се потсетиме. Продавајки ја Стопанска банка се чистеше билансот на Стопанска банка од дубијозите кои што беа затекнати од разни претпријатија. Еден од најголемите должници во Стопанска банка беше нашиот макеоднски концерн , Македонија табак. Не затоа што тој лошо работи, или не затоа што некои луѓе кои што биле на челните позиции лошо работеле. Напротив, тие луѓе во минатото претставувале гордост, затоа што со својот придонес во пошироки размери од Македонија биле познати со својот квалитет во организација на тоа производство во пласманот на тутунот и во големите светски компании како што се Филип Морис, Бритишен Америка, Тобако или прочуениот Гархајмер кој што е присутен на Балканот да го откупува тутунот. Значи имало долгови, тие долгови надминуваа над 100 милиони долари и тие беа отпишани при продажбата на Стопанска банка. Значи одсекогаш

.-

тутунопроизводството се помагало затоа што и немаме друга алтернатива. За илустрација само за родот 2002 година Грција доби од ЕУ 372 милиона евра за производство и субвенција на својто ситнолистен ориентален тутун Басма, ли некаде едно евро и половина за килограм производен тутун на територија на Република Грција. Значи сите примери кои што ги кажувам наведуваат на тоа дека ние во делот на тутунопроизводството мораме да најдеме начин тука државата да се вмеша, затоа што повеќе фактори го прават тој мозаик од кој што може да се види многу јасно . Ние не смееме да дозволиме една гранка која што претставува трендмарк за Република Македонија , имиџ како што дозволиле Филип Морис , Бритишен Американ, Тобако или Ренсма од Германија и во рамкит ена своите држави претставуваат сигурно во првите десет компании кои што работат во САД во Британија или во Германија едни од најуспешните концерни , што ќе рече дека ние сме присутни и етаблирани како Република Македонија преку нашите доктори по науки кои што инвестираат, кои што работат на Земјоделскито факултет, кој што работат во Институтот за тутун во Прилеп и кои што секогаш изнаоѓаат начини цената за тутунот да бид епоквалитетна, да биде усогласена затоа што претставува светски тренд за еколошко производство, заштита да биде организирана на таков начин и сето тоа што претставува зачувување на макеоднската почва и воопшо амбиент од еколошки аспект. Едноставно, ние сме повикани да бараме решение како да го помогнеме тутунопроизводството во Република Македонија . Не заради ефтина демагогија и заради тоа да се прави политички маркетинг дали ќе им помогнеме на граѓаните на Прилеп, или ќе им помогнеме на граѓаните на Кавадарци, или ќе им помогнеме на граѓаните на Струмица. Едноставно ние како членови на овој законоодавен дом исто така и членовите на Владата имаат обврска затоа што во најголем дел претпријатијата кои што не се приватизирани, значи не зборувам за претпријатијата Дајмон - Кавадарци, или Виница или Михалидис-Струмица или за Табачна-Скопје, зборувам за Тутунскито комбинат -Прилеп кој што има 1800 вработени каде што мнозинството на капиталот е општествен капитал. и ние имаме едноставно и морална норма, односно императивна норма, затоа што пред некој ден тука донесовме еден Закон за кој што јас се противев дека треба одредени фондови, односно одредено портфолие на акции да го подржавиме, затоа што е тоа е добро за државата и со гласање ние го подржавме. Овдека имаме императивна норма, покрај нашата морална норма за грижа за некои основни постулати за развојот , за граѓаните на Република Македонија . Имаме императивна норма дека треба да го штитиме општествениот капитал, а земјиштето пак е земјиште кое што фактички

значи територија на Република Македонија, кое што е државно земјиште и во поклопувањето на тие два аргумента државно земјиште и општествена сопственост, ние мораме да реагираме како Влада, односно како парламентарци за кое што сметам дека треба од тука да произлезат и одредени заклучоци.

Кои се причините и како ние би можеле да помогнеме на Владата, министерството и на сите чинители кои учествуваат во тој процес, да најдат сили и оваа година да се исплати тутунопроизводството, државата да не претрпи загуба, а во исто време да се вратат вложените пари во тутунопроизводството. Според мое длабоко уверување, одговорот лежи во девизните резерви на Република Македонија. Секоја година гувернерот на Народната банка на Република Македонија, преку Советот на гувернерите донесува одлука со колкав износ на девизни резерви ќе учествува во поддршка во вид на гаранција на извозно насочени култури, или производи или гранки на Република Македонија. Дали е тоа металуршки комплекс, дали е тоа текстилна индустрија, или е земјоделско производство, тоа се прави со години и децении и имало исправен, би рекол секогаш повратен ефект, како фит бек спрега се враќале секогаш во вид на девизен прилив од веќе извршениот договор за извоз, конкретно зборуваме за тутунот.

Значи, Владата на Република Македонија, која има одговорност на гувернерот да му наложи за одреден износ на девизни средства, а тука се работи за девизни резерви од 15-16 милиони долари, кои би биле ставени на располагање на комерцијалните банки во вид на гаранција по склужени договори, кои пак претпријатијата што произведуваат ферметиран тутун, дали е тоа Прилеп, или Јака - Радовиш, Куманово или Струмица, зборувам за општествените претпријатија кои имаат 51% општествен капитал, потоа можат договорите склучени со Верхајмер, а лично сум имал можност, почитувани пратеници, да го запознам тој човек кој што 30 години наназад соработува со Република Македонија и за Република Македонија има секогаш најубави зборови и сигурен сум, впрочем и неговата посета на Република Македонија во оваа година имаше за цел да се склучат договори за откуп на нашиот ситнолистен ориентален тутун, тука ние би требало на таков начин преку издавање гаранции за реализирање на договорите кои ги имаат претпријатијата што произведуваат тутун со склучени договори за износ. Гаранции кои нема да влезат во оној лимит на кредитна задолженост што ја имаат претпријатијата во банките, ќе им овозможиме на таков начин да дојдат до евтини средства кои потоа преку нив ќе бидат пласирани до индивидуалните земјоделски производители, задоволство кај граѓаните на Република Македонија кои се занимаваат со такво производство,

.-

социјален мир, на некој начин и наше залагање по тој основ дека се грижиме, како што велиме и во Уставот дека сме социјална држава и на крајот на краиштата сочувување на можноста оваа година Република Македонија да го оствари тој девизен прилив од околу 100 милиони долари од извоз на ферментиран тутун и цигари надвор од Република Македонија. Тоа е модел кој што имал успех, кој бил практикуван и во друг вредносен систем, кој бил практикуван и во оној систем во кој сега живееме од 1991 година па наваму и ценам дека е потребно да донесеме таков заклучок, да ја задолжиме Владата, во разговори со Народната банка на Република Македонија, да се заложи предвидената квота за издавање и поддршка на извозот на Република Македонија, преку одредн вид гаранции кои ќе бидат договорени со деловните банки каде што македонските тутунопроизводствени претпријатија имаат деловни односи и на тој начин, со еден многу мал напор ќе можеме да постигнеме некаков си еквилибриум меѓу производството, преработувачката и извозната сфера.

Ценам дека не треба бегло да преминеме преку оваа информација, почитувани пратеници. Треба да имаме и сенс и грижа и одговорност, затоа што, уште еднаш ќе кажам, не често ќе бидеме сведоци да дискутираме за нешто што значи огромен вредносен износ на средства, огромен корпус на граѓани, 200 илјади граѓани на Република Македонија што е над 10% од граѓаните на Република Македонија, огромни парцели на земјиште или околу 20 илјади хектари што треба да се обработуваат во Република Македонија и на крајот на краиштата, да имаме одговорност, затоа што вредносниот систем се познава по тоа како некој човек ги вреднува вредносните квалитети. За мене главен вредносен квалитет е нашата одговорност да се грижиме за нешто што можеме да го направиме, а имаме искуство, модел, начин и на крајот на краиштата имаме девизи во девизните резерви во Република Македонија. Треба само малку добра волја од претставниците на Владата. Јас го разбирам потполно министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство дека тешко може да ја убеди Владата во еден таков чин дека треба да се посегне по девизните резерви  во вид на гарантен износ од 15 милиони долари, но затоа сме ние тука да дадеме таква поддршка и би рекол со почитување на тоа што било некогаш позитивна практика да го постигнеме саканиот резултат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на г. Марјан Ѓорчев.

Има збор г. Благоја Гешоски.

.-

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Почитувани госпоѓо потпретседател на Собранието, почитуван министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, почитувани колеги пратеници,

Иако седницата беше закажана за пред неколку дена и беше утврден дневниот ред на оваа 16-та седница, денес пред нас е Информацијата за состојбите со откупот на тутунот од реколтата 2002 година. Со право предлагачите на точката на дневен ред, во нивниот предлог, констатираа дека состојбата е алармантна. Оваа информација го заслужува нашето внимание.

Состојбата е алармантна, гледано од повеќе аспекти или причини. Беше констатирано и од претходните дискутанти, алармантна е од аспект на тутунопроизводителите, затоа што тие сеуште го немаат добиено она што го одработиле во 2002 година, она што го предале, односно не ги добиле своите пари и средства за трудот кој што го вложиле во минатата година. Исто така, состојбата е алармантна и од аспект на вработените на тутунските компании, бидејќи во едни вакивни односи, кога нивните фирми се презадолжени, кога ситуацијата не е онаква каква што била во сите изминати години, нормално е што тие стравуваат за својата иднина како луѓе вработени во тие компании. И третата компонента, можеби и најважната е од аспект на државата, односно на Република Македонија, бидејќи во тутуно-производството се ангажирани околу 200 илјади граѓани на Република Македонија како тутунопроизводители, 8 илјади во тутунските компании, што значи од тој социјален аспект на Република Македонија, бидејќи тоа претставува околу 10% од вкупното население на Република Македонија.

Исто така, извозот на тутун и цигари претставува 10% од вкупнот извоз што го остварува Република Македонија. Беа спомнати и акцизите, односно давачките кои се даваат од кои се полни Буџетото на Република Македонија.

За волја на вистината, тутунот од реколтата во 2002 година, од самиот почеток, таа реколта ја следат проблеми, почнувајќи од временските услови во 2002 година што влијаеја на лошиот квалитет на тутунот и оттука е можеби ниската откупна цена на тутунот, иако квалитетот можеби не беше до тој степен полош од минатите години. Потоа, се доцнеше со стартот на откупот на тутунот. Точно е дека секоја година откупот на тутунот почнува во декември месец, а оваа година пожна во средината на јануари месец и сега, кога речиси е завршен откупот на тутунот во сите откупни претпријатија, се доцни со исплатата на тутунот.

Разбирливо е дека овде повеќе ќе се задржам на она што значи тутунопроизводство во општина Прилеп и Тутунскиот комбинат во Прилеп, бидејќи тие состојби ми се повеќе познати, иако проблемите на производителите и оние проблеми на вработените во тутунската индустрија се слични или идентични секаде во Република Македонија. Тутуно-производителите имаа многу трпение оваа година со откупот на тутунот од 2002 година и овде би ја изразил благодарноста кон нив, бидејќи она што им следува и треба да го добијат го чекаат повеќе од 2-3 месеци, а сега веќе се појавува и неизвесноста за реколтата 2003 година. Дали тие треба да отпочнат да работат и пак, и оваа година, да посадат тутун. Реков дека им изразувам благодарност на тутунопроизводителите. Пред 20-тина дена можеби нивното трпение беше при крај и организираа еден мирен протест пред вратите на Тутунскиот комбинат Прилеп, би рекол тропнаа и ги побараа своите пари на вистинската врата. Иако и тогаш имаше обиди тутунопроизводителите да бидат изманипулирани и да тропнат на некоја друга врата и да ги побараат парите, меѓутоа, тие потполно свесни со кого склучиле договор, каде го предале тутунот, таму и ги побараа парите. Бидејќи во изминатиот период имаше многу средби меѓу тутунопроизводителите и Тутунскиот комбинат Прилеп, кои им дадоа многу лажни ветувања, дека Тутунскиот комбинат има пари за да го отпочне откупот на тутунот. Точно е дека никогаш Тутунскиот комбинат немал пари сам да го отплати тутунот. Меѓутоа, исто така, морате да се согласите, точно е дека секогаш Тутунскиот комбинат учествувал со 50 или 60% средства од потребните за исплата на откупениот тутун.

Во натамошната дискусија ќе кажам повеќе и за актуелната состојба во Тутунскиот комбинат, меѓутоа, овде би направил еден пресек дека после ваквиот аларм на тутунопроизводителите и нивниот мирен протест за да го издигнат проблемот на едно повисоко ниво, следеа бројни средби со тутунопроизводителите, прилепскиот градоначалник, нас пратениците од Прилеп, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, останатите членови на Владата на Република Македонија и еве сега слушаме дека е на повидок решението, со кое е изнајден начинот како да бидат исплатени тутунопроизводителите за реколтата од 2002 година.

Од причини што работите се причинско последични, ова што говорев досега е актуелната состојба со откупот на тутунот од реколтата од 2002 година, ред е малку да се позанимаваме и со причините што довеле до една ваква состојба, да се најдат во една неизвесност и тутунопроизводителите. Не се согласувам дека не

треба да проговориме за виновниците, иако беше апелирано, бидејќи не може во недоглед и до крај државата да ја финансира грешката на раководствата на менаџерските тимови или нивната неспособност. Еднаш мораме да тргнеме една линија, каде се состојбите и каде се наоѓаме. Меѓутоа, пред тоа би сакал да кажам што претставува Тутунскиот комбинат за градот Прилеп или за општина Прилеп.

Тутунскиот комбинат претставува историја бидејќи сега се навршуваат или се точно 130 години откако е формиран Тутунскиот комбинат во Прилеп. Во сите тие 130 години граѓаните на Прилеп произведувале тутун, значи се специјализирале за таа работа, бидејќи претставувало сигурен извор на некаква егзистенција, ја научиле технологијата на неговото производство и затоа што од поднебјето, што од вредноста, затоа што во Прилеп живеат вредни луѓе, квалитетот на тутунот во Прилеп е многу повисок од останатите делови во Република Македонија. Реков дека низ историјата се создава и навика на прилепчани. Најважниот аспект или најбитното значење кое го има Тутунскиот комбинат е егзистенцијалното значење за Прилеп. Прилеп е град со 27 илјади невработени, Прилеп е град или Тутунскиот комбинат има 7 илјади коопераnти. За поголем дел од нив тутунот е единствен извор на егзистенција, што значи директно или индиректно во тутунската индустрија од тутунот живеат околу 40 илјади жители на прилепската општина и нормално е тие да го добијат она што го сработиле во изминатата година.

Реков дека ќе се позанимаваме со причините кои доведоа до ваквата состојба во Тутунскиот комбинат. Нормално е да започнат со промената на раководството во 1998 година, со доаѓањето на власт со Коалицијата за промени, како што тргна се, дојде време да се промени и раководството на Тутунскиот комбинат. Се обидував овие 2-3 дена да најдам попристоен збор за начинот на кој што беше извршена смената на тогашното раководство, за која постојат и видео снимки во Прилепската телевизија, бидејќи се се случуваше пред очите на јавноста. Велам не можев да најдам попригоден збор од зборот дека смената на раководството беше извршена со пуч и со сталинистички методи. Имено, тогашниот член на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ излезе пред тогашниот директор на Тутунскиот комбинат и се обрати со следните зборови: јас сум тој и тој - се договоривме да не ги именуваме овде лицата што не се присутни - сум член на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, разговарав со премиерот Љубчо Георгиевски и ми рече да си одиш од функцијата директор на Тутунскиот комбинат. За волја на вистината, тој тогашен член на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ понатаму премине во некоја од братските или сестринските партии кои се создадоа

.-

од ВМРО-ДПМНЕ. Но исто така, реков ова е начинот на кој што се дојде на власт во 1998 година, во таа еуфорија се донесе одлука со која се прекина производството на најпродаваната цигара во сите времиња и во поранешна Југославија и ден денес, тоа е цигарате филтер "Југославија". Сите оние кои што пушеле некогаш ја познаваат таа цигара.

Исто така, прекината е соработката со стратешките партнери, со едни гиганти од тутунската индустрија, која што соработка траела 30 години, а претходниот министер спомна и ден денес, соработката со "Филип Морис" е прекината пред две години. Пад на производството на цигари за домашен пазар - падот на производството е 40%. Тогаш кога е констатирано дека падот е 40%, и тогаш била состојбата алармантна, меѓутоа, господата колеги пратеници тогаш не чувствувале потреба да го притиснат копчето за аларм. Исто така, се бележи пад за 40% на производството на висококвалитетните сорти на тутуни, кои секогаш се извезувале и нормално, со тоа имало прилив во државната каса, меѓутоа, и во касата на Тутунскиот комбинат.

Во овој период, во изминатите 4 години имало спорни вложувања, спорни донации, спорни спонзорства. На платниот список со Тутунскиот комбинат, покрај 1800 вработени, околу 1000 сезонски вработени, во нив имало можеби 30% луѓе кои никогаш никој не ги видел во Тутунскиот комбинат, меѓутоа, биле на тие платни списоци, а никогаш не знаеле што работат и зошто ја добиваа платата од Тутунскиот комбинат.

Од сето ова се гледа дека во изминатиот период со Тутунскиот комбинат лошо се менаџирало или лошо бил раководен Тутунскиот комбинат и сегашнава состојба е причина на таквиот лош однос во Тутунскиот комбинат во изминативе 3-4 години. Сигурно дека и државата во овој изминат период има своја вина, бидејќи некои моќници на владеачката гарнитура од ВМРО-ДПМНЕ, посебно сместени во Царинската управа, се обидуваа на најразличен начин да го уценуваат и рекетираат Тутунскиот комбинат, да го попречуваат извозот на цигари и да направат некој неприроден центар на тутунската индустрија, а не да биде тутунската индустрија и центарот во Прилеп, како што било во сиот изминат период, бидејќи 30% од вкупното производство на тутун е во Прилеп и вкупното производство на цигари и во поранешна Југославија и сега во самостојна Република Македонија. И ова лошо раководење и менаџирање, раководството некако успеало да го покрива со шверцот на цигари, што се одвиваше за време на кризата со Косово и тогаш кога

.-

имало пари од шверц, имало за сите. Меѓутоа, тоа кратко траеше и излегоа на површина лошите состојби денес во Тутунскиот комбинат.

Беше побарано од претходните дискутанти да не се навраќаме на тоа зошто е ваква состојбата, меѓутоа, јас би кажал во каква состојба денес се наоѓа Тутунскот комбинат. Денес Тутунскиот комбинат, неговата финансиска состојба е следна:

Околу 40 милиони евра долгови.

Тутунскиот комбинат има или располага со 20%, односно со 20 милиони евра обратен капитал во тутун и околу 2 милиони евра залихи во цигари. Меѓутоа, сепак, загубата или разликата е околу минус 20 милиони евра. За споредба, во 1998 година, кога актуелното раководствотo во Тутунскиот комбинат го презело Тутунскиот комбинат, тој имал околу 18 милиони евра долгови и приближно толку средства односно тутун на залиха, цигари на залиха и готови пари на неговите сметки, што значи од 1998 година до денес од една позитивна нула Тутунскиот комбинат е доведен до загуба од минус 20 милиони евра. Втор пат ќе се случи оваа година во историјата од 130 години од постоењето на Тутунскиот комбинат - овде морам да кажам дека тоа е според податоците до кои јас успеав да дојдам, Тутунскиот комбинат на својата завршна сметка да прикаже загуба од минус 5 милиони евра, иако реков дека фактичката е околу минус 20 милиони евра и тоа се случило само уште еднаш, некаде во педесеттите години. Значи, не можеме да кажеме дека секогаш Тутунскиот комбинат бил во лоша финансиска состојба или дека бил лошо раководен.

Кога сето ова се случувало, за волја на вистината, морам да кажам, иако многу пати е кажано, колегата Караџоски бил претставник на државниот капитал во Тутунскиот комбинат. Во тој период вие колега Караџоски сте биле, како што кажавте претставник на државниот капитал, креатор, учесник, јас ќе додадам и сведок на сите вакви збиднувања, односно сте учествувале во паѓањето на коленици или на тивкото умирање на гигантот на прилепското стопанство. Се согласувам што значи Тутунскиот комбинат за Прилеп, се согласувам што значат десетината милиони евра кои треба да дојдат во Прилеп, знам дека чаршијата е мртва без тие пари, ова е вистината за која треба да проговориме.

Доколку тогаш кога бевте член на Управниот одбор и на раководството во кое што седеа и други функционери од вашата партија кои заземаа места и на други високи државни функции, алармиравте сигурно дека и јас и тутунопроизводителите и вработените ќе ја разбереа искреноста во вашата намера да им помогнете на

тутунопроизводителите. Вака се се сведува само на политички маркетинг, иако се обидовте да се оградите од сето тоа, или на политичко лицемерие затоа што нашиот однос кон едно исто прашање е различен или го гледаме од два различни аспекти. Поинаку се однесувавте тогаш кога бевте во центарот на настаните како претставник на државниот капитал, иако не ви беше лесно, сигурно, бидејќи во исто време бевте и претставник на граѓаните и не знаевте која страна да ја заземете, односно чии интерси да браните. Меѓутоа, за среќа на тутунопроизводителите не би должел повеќе околу тоа Владата на РМ и покрај притисоците што ги има од Меѓународниот фонд сигурно ќе изнајде начин да ги обештети тутунопроизводителите и нема да дозволи неспособноста или несовесноста на менаџерскиот тим да се прекрши на нивниот грб. Исто така се надевам, ако не утре, тогаш сигурно до велигденските празници дека отплатата на минатогодишната реколта ќе биде започната и така уште еднаш нашите сограѓани ќе можат после празниците да продолжат со работата, односно со расадувањето на тутунот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам на господинот Гешовски Благоја.

Има збор господинот Ѓорѓе Паљошкоски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитувани министри,

Ако се тргне од тезата дека тутунот како вид на индустриско растение е добро од општ интерес за РМ, произлегува дека во оваа стопанска гранка се вклучени повеќе сегменти и тоа социјален, економски, стопански. Зошто? Затоа што во производството на тутунот на ниво на РМ се вклучени околу 40 илјади индивидуални земјоделски домаќинства, или 200.000 тутунопроизводители кои се занимавааст и произведуваат тутун од кој непосредно ја обезбедуваат својата животна егзистенција, за себе и за своите членови на семејството.

Оваа традидиционална земјоделска култура е една од носечките што е вклучена со добар дел во бруто општествениот производ на РМ и секогаш обезбедува девизен прилив од странскиот пазар на кој се продава и со својот квалитет учествува со добар процент и во вкупното светско производство на ориентален и најквалитетен тутун.

Производството на таканареченото жолто злато од секогаш било гордост и достоинство на македонските тутунопроизводители кое производство и денес е застапено во поголемите земјоделски региони во РМ. Но навистина треба да не загрижи ниската откупна цена на тутунот бидејќи имаме сознанија од откупните

пунктови, во струмичкиот регион е од 30 до 60 денари по еден килограм тутун. Иста е состојбата и во радовишкиот регион, втор по големина за производство на тутун во РМ. Никогаш пониска цена не е забележана, откако се знае за оваа земјоделско индустриска култура откако се произведува на земјоделските површини во РМ.

Во право се тутунопроизводителите кои се со голема доза на загриженост и незадоволство од откупната цена на тутунот, бидејќи нивниот вложен труд е максимално потценет, девалвиран или воопшто не платен од страна на купувачите. Во право се бидејќи нивниот тутун е продаден за 50% поевтино од минатогодишната просечна откупна цена кога се движеше од 118 до 120 денари за еден килограм и плус премија од 15 денари по килограм што претходната Влада на Георгиевски да ги исплати, се надевам на општо задоволство на сите тутунопроизводиели во Републиката. Значи може да се констатира дека цената од претходната реколта со премијата, за еден килограм продаден тутун постигна од 135 до 150 денари по килограм.

Понатаму зошто се загрижени тутунопроизводителите? Загрижени се бидејќи животните трошоци се зголемени, со порастот на цените на мало и им е опаднат животниот стандард, а на сето тоа тутунот од тутунопроизводителите се откупи по цена од 0,5 до 1 евро по 1 кгр. Тогаш сите ние, народните избраници, особено Владата на РМ и ресорното министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да се запрашаат за оваа катастрофална и лоша состојба односно со крајната ниска откупна цена на тутунот и дали во наредниот период тутунопроизводителите треба да се прогласат за социјална категорија што ќе падне на товар на буџетот на РМ. Со тоа, наместо да се намалуваат средствата наменети за примателите на социјалната помош, оваа Влада ќе треба да ги зголеми овие средства за нови социјални случаи од редовите на тутунопроизводителите.

Нема простор ниту пак оправдување за Владата на Коалицијата за Македонија на чело со СДСМ и за актуелниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Славко Петров кој вешто се обиде преку средствата за јавно информирање да ја оттргне обврската кон тутунопроизводителите и да ја префрли одговорноста директно кон откупните претпријатија кои на еден или друг начин треба да ја зголемат одкупната цена на тутунот, во знак на некаква соработка и кооперативност меѓу купувачите и тутунопроизводителите.

Незадоволството е уште поголемо и иритирачко кај тутунопроизводителите поради фактот што заштитната цена изнесува 111 денари по килограм. Меѓутоа оваа цена сметам дека ќе остане само празна и неостварлива желба на

тутунопроизводителите во РМ, за производството на тутунот од минатогодишната реколта. Затоа, јавно ја прашувам Владата, заедно со ресорното министерство, во име на тутунопроизводителите од струмичкиот регион дали планираат да исплатат на име загарантирана цена и премија од реколтата 2002 година и кога, ако биде тоа удоволено, истата ќе биде исплатена.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас се извинувам што го користам правото повторно да се обратам поради тоа што за три минути неможам да одговорам за се ова што беше искажано, а што со голема доза морам да кажам дека не е точно.

Прво, да бидам искрен, во својата дискусија намерно излегов со еден тон што не сакав да разглобувам, јас кажав кој е виновен, кој не е виновен, каква е состојбата ваму, каква е таму, токму за да не влезам во вакви или онакви реплики, баш со колегите од Прилеп, и најмалку тоа сакав да го направам со господинот Гешовски. Меѓутоа, очигледно на господинот Гешовски не знам кој му беа мотивите и причините да настапи со една таква дискусија иако овде не станува збор да зборуваме за Тутунски комбинат Прилеп или за било кој, туку дискутираме по една информација која ни ја достави Владата по однос на откупната политика. Не верувам, па кажувам дека е тоа стилот на господинот Гешовски, знам дека мора некоја должност да исполни, знам и кој го пишувал сценариото, нема да го кажам името и презимето, меѓутоа одлично си ја одглуми улогата или ролјата. За вистината има кој да каже,не сме ни ти ни јас одговорни. А тоа дали е така како што кажува господинот Гешовски, има меродавни структури. На крајот на краиштата секоја завршна сметка се усвојува, има ревизорски куќи ја гледаат состојбата, се усвојува на акционерско собрание и тд.

Еве сега јас ќе одговорам.

Прво ќе почнам од она последнотошто го кажа господинот Гешовски.

Навистина нема никогаш да се согласам господине Гешовски дека јас сум бил креаторот на сето она што вие го кажавте. Страшно неодговорен пристап и страшно неодговорна изјава или овде дискусија што ја кажавте, барем по однос на она што го зборувавте за мене. Во што е мојата креација, и што јас конкретно сум придонел за се тоа, тоа можеме да го дискутираме, ти многу добро го знаеш. Меѓутоа, очигледно

.-

е, треба Караџоски да се анулира, да видиме дека и тој има нешто одговорност, па се тоа што го зборува е празна магла.Еве јас ќе те потсетам господине Гешовски, со оглед што ти многу добро памтиш што се случило 1998 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако може обраќајте се до Собранието, бидејќи ова испаѓа како реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, нема да го спомнувам Гешоски.

Еве, некого го служи памтењето што било 1998 година како дошло ди смена на тогашниот генерален директор на Тутунски комбинат. Добро е што ме потсетивте, јас и не знаев дека така било, но не знам кој ви го кажал тоа, со оглед на тоа што вие тогаш не бевте присутни, незнам дали бевте тогаш некаков си функционер во СДСМ, бидејќи друга гарнитура беше, дури имавте и башка претседтеле, башка секретар. Една тотална друга структура. Од каде исплива оваа информација до тебе, треба да ги прашаш претходните, тие што ти го сервирале тоа, од тогашното раководство на СДСМ. Тоа е една работа.

Второ, јас не бев 4 години повереник, пред мене имаше и друг. Јас бев неполна година ипол. За моето време како владин претставник на општествениот капитал, Тутунски комбинат, односно јас во Тутунски комбинат имаме изгласано две завршни сметки и тоа станав бладин  повереник на крајот на април, во мај беше редовно заседание на акционерското собрание, врз основа  на извештај на ревизорски куќи  и тн, едноставно кренав рака со 35% од капиталот што располага, се усвои таа завршна сметка и знам дека тоа беше едната и последната беше 2001 односно 2002 месец јуни, за работењето во 2001 година каде што исто така врз основа на документи, изјави на ревизорски куќи, ја усвоивме и таа завршна сметка и колку што памтам и двете беа со позитивен ефект, односно Тутунски комбинат беше во добивка. Што се случувало после тоа не сме ни јас ни ти меродавни да одговориме. Има кој тоа да го каже.

Дали јас сум креирал или не, ќе ви го кажам следното:

Прво, јас навистина бев владин повереник, застапував општествен капитал од 35%, меѓутоа не бев во ниеден орган на управување во Тутунски комбинат, не бев ни член на Управен одбор, не бев ни член на Надзорен одбор. Не сум креирал, ниту сум вработен во Тутунски комбинат, едноставно застапував 35% во акционерското собрание.

Очигледно е дека имавте податоци што пак незнам од која страна доаѓаат и со една споредба до 1998 година, што е сега. Значи тогаш било лошо, ама малку лошо,

.-

сега е лошо ама многу лошо. Сега јас ќе ви изнесам некои други податоци, ако треба говорницата да ја правиме во нешто што нема да личи. Еве да ви кажам колку беше успешна работата на Тутунски комбинат до 1998 година. Јас ќе ви кажам што ова раководство што вие велите дека било ВМРО-ДПМНЕ дека направило односно затекнало во таа година кога го презеде Тутунски комбинат. Ќе ви кажам кои биле задолженијата.

Прво, имало задолженија спрема фирма "Франа" што го кажа и министерот Ѓорчев во износ од 12.800.000 марки. Тоа било задолжение кое стоело како долг и она раководство кое вие го критикувате тој износ го има вратено во своето работење.

Исто така наследија 35.000.000 милиони марки побарување од страна на "Макдонија Табак", ненаплатено побарување кое и до ден денес не е наплатено. Кој го направи и зошто станало тоа побарување ненаплатено, вие многу добро знаете самос несакате да кажете затоа што тој директор кој сега го браните беше од СДСМ, ви беше кандидат за пратеник во 1998 година и сигурно дека нема да си ги валкате рацете, да кажувате дека нешто се случило во негово време не е за пофалба.

Исто така, задолжение по основ на акцизи имаше 14.000.000 марки и истите се вратени во текот на ова раководство за кое вие зборувате. Кредит од Стопанска банка - Деловна единица Прилеп 1.000.000 долари вратени од ова раководство. Залиха на тутун само 300 тони.

Незнам од каде дојдовте до констатација дека се шверцивало цигари во Тутунски комбинат. Тоа сте вие единствени што кажувате. Со кој доказ тоа го потврдувате. Многу е сериозно да кажете дека некој шверцувал цигари. Јас колку што знам сите обврски, даночни и акцизи и се се плаќало на време, така како што треба, а дали шверцувал Тутунски комбинат или некој друг, тоа е прашање што треба некој друг да го каже ни јас ни вие.

Исто така, спомнавте за извозот на цигари, дека и Владата на Љубчо Георгиевски била одговорна што извоз на цигари немало, или Даравелски го спомнавте. Еве јас да ве прашам каков е сега извозот на цигари. Сега Даравелски не е директор на царина, зошто сега нема извоз на цигари.

Ако тогаш бил одговорен некој во Царинската управа, што велевте дека тој со својата "палица" оспорувал правила и незнам што правел. Еве, и сега нема извоз на тутун. Затоа, за спонзорство и слични такви работи мислам дека навистина е неодговорно да се зборуван а говорница. Јас ви кажав, ниту сум јас, ниту сте вие одговорни за таа работа да зборуваме. Има органи во оваа држава, има институции

.-

кои сето тоа треба да го докажат. Што мислите, дека сум јас лично одговорен повелете докажете, кажете, а да се зборува паушално дека сум бил претставник на општествен капитал и да се каже дека јас сум креаторот за целата криза е сосема неодговорно.

Уште само нешто да ве потсетам. Вие ме обвинивте овде дека јас цело време сум седел, не сум преземал ништо. Да ве потсетам, во мај односно април 2000 година, не се сеќавам точно за годината, кога станав владин повереник прв пат, уште на првото Собрание поднесов дополнување на дневниот ред со разрешување и на надзорниот и на управниот одбор. Минатата година истото тоа го направив. Кој ме спречи господине Гешовски, и зошто не се изврши промената, ако веќе јас сум стоел и сум бил одговорен, како што сакате да кажете? Јас ќе ви кажам кој ме спречи. Ме спречија сите работници од Тутунски комбинат, кој што најавија штрајк заради тоа што сум сакал да вршам упад. Вие од таму зборувавте дека ВМРО-ДПМНЕ ќе го купи Тутунскиот комбинат, дека јас ќе сум бил генерален директор, па дека ќе сме го продаделе на Филип, Борис, триста верзии. Сето тоа испадна дека не е вистина и тоа се потрди, се гледа.

Од друга страна работниците водени од некого најавија штрајк затоа што јас ќе сум вршел упад со образложение дека се задоволни од тоа раководство. Дека сите резултати се позитивни и нема причина да се менува некој. Јас нормално слушајќи го и Синдикатот и сите таму вработени, кој што беа организирале штрајк, нормално ред е да поверувам затоа што немам право да одам против 1.000 души, 1.800. Немам потреба да го правам тоа.

Според тоа, не сум седел со скрстени раце како што велиш. И јас сум сакал да има подобри резултати, меѓутоа, не секогаш зависи од некој. Според тоа, јас сега па тебе би те прашал, мене ми било тешко тогаш, меѓутоа јас во сите тие времиња имав храброст да се појавам и пред штрајкувачи и пред тие што протестираа да те прашам каде беше ти, воопшто те немам видено, ниту во протести, ниту во Тутунскиот комбинат, ниту било какви комуникации имаше ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Опростете господине Караџоски. Мислам дека мојата забелешка не ја сфативте. Јас ви реков не можете да се обраќате во второ лице, инаку вие на Собранието можете да му се обраќате, но не на второ лице. Ова не е разговор, дебата се прави и реплика. Мислам дека не ме разбравте.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во ред, јас ќе прекинам и ќе завршам, меѓутоа, тоа требаше госпоѓа потпретседател да го кажете и на претходниот дискутант, кој цело време зборуваше со име и презиме за мене и сите овие податоци. Најдете го стенограмот, па видете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тој не се обраќаше во второ лице.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Второ или трето, се знае име и презиме. Незнам кое лице е овде Караџоски кога се кажува.

Значи, кога се зборува нешто, не треба да се зборува по туѓи сценарија, туку треба малку да имаш учество таму каде што треба да имаш, па да кажеш некои работи дали се релевантни или не.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Благоја Гешоски, за реплика.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Јас ќе му се заблагодарам на колегата Караџоски за информацијата која што мене ми ја презентираше за неговото нечетиргодишно, туку двегодишно работење како претставник и член во Управниот одбор на Тутунскиот комбинат, претставник на државниот капитал од околу 36%.

Зборот креирање на целата моја дискусија се задржа само на еден збор, кој што реков “креатор”. Земете го стенограмот, вие се обративте кон министерот за земјоделие и му кажавте дека државата преку своите 36% државен капитал е таа која што треба да ја креира политиката во Тутунскиот комбинат. Тоа воопшто не се мои зборови, туку ги искажавте вие од говорницата.

Што се однесува до начинот на кој што е разрешен претходниот директор, кој што бил до 1998 година воопшто немав намера да го бранам и воопшто не спомнав дека тој бил тогаш кога раководел со Тутунскиот комбинат, Тутунскиот комбинат бил мнгоу успешна фирма. За тоа и за начинот на неговото сменување постојат снимки во архивата на независната телевизија - Прилеп и доколку сте заборавиле и не сте биле таму можете да ги погледате, а тоа го виде целата прилепска јавност.

.-

Се согласувам со вас дека ние како прилепчани околу ова прашање требаше да имаме кокнсензус и да застанеме на страната на тутунопроизводителите, што впрочем го сторивме тогаш кога се состанувавме со нив, меѓутоа, вие и било кој повереник на државниот капитал, оној кој што има најмалку удел во она што се случувало не може да бега од одговорноста, иако бил само нем сведок или учесник во она што се случувало во тој период.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувана госпоѓа потпретседател, почитуван господин министер, почитувани господа пратеници, дами и господа,

Се надевам дека денеска кога е во прашање дискусија за нешто што претставува мака на македонскиот човек ќе собереме сила и ќе бидеме над политиката, затоа што во животот не е се политика. Ниту само ВМРО-ДПМНЕ, ниту само СДСМ, ниту било кој друг политички субјект во Република Македонија има сили сам да ја реши макатa на македонскиот човек, ако немаме визија, ниту пак заедно гледаме некаде далеку напред за да најдеме решение за макатa на македонскиот човек, а тутунопроизводството е мака.

Во врска со информацијата ќе се задржам на два моменти, токму затоа што не ги дообјаснив, а беа поттикнати во дискусијата на господинот Гешоски.

Не е проблемот во лошото менаџирање, ќе му го спомнам името на господинот Данчо Шутурков, кој што беше име и презиме и подалеку од просторите на Република Македонија во тој тутунопроизводен и трговски бизнис, ниту е проблемот во името на некој друг менаџер на тутунско претпријатие. Проблемот воопшто на македонската економија, на сите долгови во банките, заради што не може сега да се помогне на претпријатијата е проблемот на инфлацијата 1992 и 1993 година, кога со инфлација од над 1.000% на годишно ниво 1992 година и 800% на годишно ниво 1993 година се прелеа капиталот, се изедоа и циглите и темелите на производните претпријатија, се прелеа капиталот во банкарската сфера. Таму се имобилизираше и до ден денес оттука не можеме да го постигнеме нивото на производство од 1990 година, што е репер на година пред поделбата на Југославија и пред делбата на Македонија од СФРЈ. Тука е проблемот. Проблемот е во тоа што тие 90 или 100-тина милиони долари кои што ги отпишавме од Стопанска банка беа само камати, немаше главница. Беа камати од тие 1.000% и не е важно која

.-

политичка влада била 1993 година на чело на Република Македонија како извршна власт. Не е важно името на политичкиот субјект, важен е концептот.

Почитувани пратеници, ние отидовме во капитализам, а капитализмот е првобитна кумулација на капиталот во оние земји кои што го напуштија социјалистичкиот начин на производство. Оттука произлегуваат проблемите, а не од тоа дали некј господин со име и презиме бил член на управен одбор и тој бил член на ВМРО-ДПМНЕ, или не бил, јас сум припадник на ВМРО-ДПМНЕ, член на таа партија но не го решаваме проблемот ако ние сега обвиниме некој член на управен одбор или некој директор дека со тоа ќе го откупиме тутунот. Тоа е првата причина за која мораме сериозно и воопшто земјоделието тука е најзагрозено, затоа што е најмалку профитабилна гранка. Замислете само имате инфлација од 1.000% на годишно ниво, а имете учество просечна општествена стапка на рентабилност во земјоделското производство 5% на годишно ниво 1993 година. Која е таа дискапанца? Кој е тој труд што треба да се вреднува за да тоа што го сториле земјоделците, тутунопроизводителите и директорите како менаџери на тие претпријатија и подоцна преку механизмите на власта да може тоа да се отелотвори на крај на бруто општествен производ. Затоа сме уште на 80% на бруто општествен производ од 1990 година.

Вториот момент, конкретно за гранката, значи ова е општо за Република Македонија која што најдиректно ги погодува земјоделските претпријатија во кои што спаѓаат и најзагрозени се тутунопроизводните претпријатија. Вториот момент е токму моментот на кризата на понудата и побарувачката на берзата во Измир. Берзата во Измир е реперна берза каде што собираат понудата и побарувачката на ситнолисниот ориентален тутун. Од 19965 година наваму, значи пак независно политичката консталација на односи во Република Македонија, 600.000 тони е вишокот на понуда на ситнолистен ориентален тутун на побарувачката на ситнолисен ориентален тутун. Затоа што ситнолисниот ориентален тутун, па и нашиот “прилеп” е “Јака”. Тоа е тип на тутун со многу алкалоиди и се употребува за ароми во врвните цигари (марлборо, кент и други врвни цигари во светот).

Оттука, таа поголема понуда иницираше драстично опаѓање и на цената и на тоа што значи количина која што може годишно да се продаде од Република Македонија. Тука лежат проблемите, не лежат во успешното менаџирање. Верхајмер беше во Република Македонија и кај господинот Зоран Јолевски, што е шеф на Кабинетот на Претседателот на државата. Тука не помага добрата волја на Претседателот на државата, или добрата волја кога ќе отидете

.-

дури и кај премиерот Црвенковски. Помага која е цената на светската берза и помага колку Република Македонија треба да зртвува да се спушти до таа цена за да го продаде својот тутун. Дали ние тоа како пратеници ќе го поддржиме и од тоа ќе правиме политички маркетинг дека некој го обезвреднува македонскиот тутун во бесценица и го продава што се вели под цена, што некој секогаш под наводници, што имаме обичај ние во Република Македонија да имаме секогаш негативен приод, а не позитивен, да ја сфатиме маката, дека некогаш треба и така да се продаде за да по нешто спасиме од таа вредност, имаме тутун од 1999 година, 2000 година, кој што стои на залиха, или пак повторно ќе одиме во тие политички игри, или ќе се бориме. Искрено велам, овде се работи за мака, да имаме искрен приод, да најдеме решение, да понудиме предлог до Владата на Република Македонија да го решиме проблемот да смогне сили да го продаде тутунот по цени кои што се важечки, независно какви се тие цени, затоа што тоа значи некакво решение. Од тапкање во место тоа е некакво место, да собере сили, да ги употреби нивните резерви за да може на време да се плати тутунот. Тоа е вистински и реален приод кон разрешница на една криза. Затоа што ова е криза која што таа е шеста година по ред воопшто во тутунопроизводството во светот. Конкретно нас не интересира балканскиот регион и она што претставува наше пошироко опкружување.

Затоа ве замолувам почитувани пратеници, тука нема место за судири на политички концепти. Тука има место за судири на концепт, за наоѓање излез од кризата во која што се наоѓа веќе седма година тутунската индустрија во целина во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема веќе пријавени дискутанти. Можеме да му дадеме збор на министерот.

Известен сум дека некои заклучоци подготвувате, доставени се или ...? (Доставени се)

Затоа предлагам, откако ќе го ислушаме министерот да преминеме на процедурата на заклучоците, затоа што имаме два различни вида, едни од комисијата, други од пратеници.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

.-

Ја користам оваа прилика да ви обратам прв пат по она што беше одговор на пратенички прашања. Во врска со она што денеска го слушнав имам поинакво видување и ќе се обидам во овој дел што останува како време да го искористам и да ви презентирам.

Прво, мислам дека не може да се изрече квалификација за една влада дека е несериозна, дури и во откупот на тутунот, ако под поимот на несериозност не подразберете дека се обидувате да ја убедите Владата на Република Македонија да го крши законот заради тоа што вие така мислите. Несериозна влада за мене е онаа влада која што ќе подлегне на притисоците било на опозициите, било на партиите на власт и која што ќе го крши законот затоа што така некој смета. Зошто го велам ова?

Кога некој се обидува овде да не убеди сите овде и целата македонска јавност дека Владата на Република Македонија е должна да дава гаранции и дека Владата на Република Македонија е должна да дава свои пари од буџетот на граѓаните на Република Македонија односно пари на граѓаните на Република Македонија заради тоа што некој не знае да работи во тутунскиот бизнис, затоа што некој е неспособен да работи во тутунскиот бизнис, затоа што во периодот од претходните три - четири години направил 3 милијарди и 200 милиони дупка во тој буџет, користејќи ги тие гаранции, не ги вратил парите и повеќе од 50 милиони евра и при тоа од Владата на Република Македонија да барате и понатаму да го троши тој буџет и да дава пари, иако тоа не е нејзина законска обврска, туку напротив, законска забрана, тогаш за таква влада може да се каже само дека е сериозна и одговорна кога решила да прекине со тоа, а не дека е несериозна и неодговорна.

Ве убедувам сите дека сегашниот став на Владата на Република Македонија, а тоа е став и на министерот бидејќи учествува во таа влада, никогаш повеќе никој во оваа држава во тутунскиот бизнис, ниту било каде во акционерските друштва нема да добие државни гаранции за комерцијални кредити што ќе ги подига од стопанските банки за своето работење, затоа што Владата на Република Македонија нема ниту морално, ниту политичко, ниту уставно, ниту законско право да го троши буџетот што сите ние го полниме, затоа што некој умее да го празни, затоа што лошо работи и затоа што сака своето лошо работење и понатаму да го продолжи, без оглед за целите и мотивите кои што го тераат така да работи. Дали неспособност, дали намера, дали нешто друго - криминал. Затоа, во иднина гаранции нема да има. Во иднина кредити подигнати со државните гаранции нема да има. Нема да има затоа што она што ни се случи во претходните години покажа и уште еднаш ќе повторам дека оваа држава е олеснета за 3 милијарди и 200 милиони

.-

денари и дека во овој момент по преземањето на комисионите залихи од заостанатиот тутун од минатите години тој долг изнесува 2 милијарди 223 милиони денари, кои што во овој момент се помалку внесени пари во буџетот само заради тоа што некој пред тоа ги учеше овие што лошо работат дека ќе добиваат постојани гаранции со кои што ќе можат да го покриваат своето лошо работење. Така повеќе нема да оди. Зошто помеѓу другото Владата на Република Македонија мислам дека нема да попушти и нема да дава гаранции и повеќе нема да интервенира и приватни и трговски друштва како што се сега во тутунскиот бизнис да ги стимулира и понтаму да работат на начин на кој што работат. Постојат неколку причини а јас ќе се обидам накратко да ги објаснам без политички импликации, односно без политички пресметки.

Прво, ние имаме Устав на Република Македонија во кој што членот 9 стои дека сите граѓани на Република Македонија се еднакви пред законот и пред Уставот, помеѓу другото и без оглед на општествената и економската положба. Значи, дека еднакви се и граѓаните што работат како работници во тутунските претпријатија, еднакви се и треба да бидат еднакви и директорите и менаџерите и управните одбори и еднакви се тутунопроизводителите и еднакви се сите други граѓани што го полнат буџетот. И ако во рамките на таа еднаквост вие упорно форсирате некој што е на менаџерско место, затоа што лошо работи и му давате пари прашање е дали таа влада ја штити еднаквоста и дали таа влада постапува еднакво пред сите граѓани во Република Македонија трошејќи ги нивните пари за овие луѓе.

Второ, некогаш односно во почетокот на изборот некој проговори дека адвокат не може да биде министер за земјоделство - добро, уважувам дека и такви мислења има и се надевам дека се помалку ќе ги има, а може и ќе се зголемат. Меѓутоа, некогаш е корисно кога ќе се најдете во положба во која што сум јас, да имате малку познавање во правото, а јас се надевам дека го имам. Ве молам секој од вас нека го отвори Уставот на Република Македонија и нека го прочита членот 41 алинеја 1 да види дека таму стои дека Владата на Република Македонија ги извршува законите и другите прописи на Собранието на Република Македонија. Да повторам, Владата на Република Македонија ги извршува законите и другите прописи на Собранието на Република Македонија.

Од овие што денеска ја критикуваа Владата на Република Македонија сакам да слушнам кој е тој закон што Владата на Република Македонија не го изврши не давајќи гаранции за тутунот, кој е тој закон што Владата на Република

.-

Македонија не го изврши, а претставува да даде пари тутунот да се купи и кој е тој пропис што таа Влада го повреди. Понатаму, Владата нови уредби и други прописи заради извршување на законите. Значи, да расчистиме. Ние сме влада што земавме обврска и положивме заклетва дека ќе ги почитуваме Уставот и законите и тоа го потпишавме. Ние сме влада што не избраа, заради тоа што ветивме дека правната држава и владеењето на правото во Република Македонија во темелна вредност ќе биде и така мислиме и понатаму да работиме. Зошто мислам дека работиме по закон, кога не се потрудивме и кога го ускративме оваа година да даваме државни гаранции, односно гаранции на банките за кредити што ги подигаат. Затоа што, ако внимателно се погледа во Законот за тутун, ќе се види дека Владата на Република Македонија е обврзана да го спроведува законот во делот во кој што стои дека, за да добиете одобрение односно да го задржите за откуп и преработка на тутун, треба помеѓу другите услови да исполните еден многу важен услов, да обезбедите средства со кои ќе го платите тутунот на индивидуалните производители.

Да повторам, да обезбедат средства со кои ќе го платат тутунот на производителите со кои имаат договори. Значи имаме законска обврска ставена во Законот за тутун кој не е сложен, многу мал закон, многу концизен, многу јасен, во кој стои дека ќе одземеме одобрение или ќе издадеме одобрение само на оние кои не работат добро и кои немаат финансиска гаранција, односно немаат финансиска солвентност да го платат она што го договориле. Односно, ќе дадеме одобрение само на оние што ќе поднесат доказ дека се солвентни, односно дека можат, помеѓу другото, да плаќаат она што ќе го договорат. Сега ве прашувам, ако оваа Влада кажа дека е го почитува овој закон за тутун, ќе го почитува она што во Уставот и законите го пишува и навистина ќе барам од нив тие да си ги обезбедат парите, каде е тука несериозната Влада која крши Устав, крши закони и се обидува на маката на другите да профитира. Убаво е тоа што го слушам, бидејќи јас се согласувам со сите вас дека тутунопроизводителите се најсиромашната категорија во Република Македонија, дека тоа се луѓе кои вложуваат најголем труд, најмачен труд и во најдолг период од годината, а најмалку се платени за тоа што го сработуваат.

Исто така знам и сочувствувам со нив дека и нивните деца како и сите наши имаат право да имаат обувки, да имаат храна, да имаат пијалок, да сакаат да платат струја, да платат вода и да живеат пристоен живот. Сето тоа сегде треба да се трудиме да им го обезбедиме. Арно ама кога помеѓу нас кои се трудиме тоа да го направиме почитувајќи ги законите и спроведувајќи ги законите ќе се најде некоја група на луѓе од 10, 12, 13 претпријатија кои наназад 30, 40 години, а последните

четири години исклучиво знаат да живеат на нивната мака и на маката на другите граѓани на Република Македонија да ги земат парите од државата, од Буџетот и наместо да ги дадеме таму каде што треба и на тој што треба ги трошат за себе, тие ги трошат за работи за кои не се способни, па прашувам дали сме сериозна држава, сериозни пратеници или зериозна Влада. Ако тоа не знаеме да го испочитуваме и на овие луѓе навистина да им помогнеме. Имено, поаѓајќи од тоа и од фактот дека ова е таква категорија за која сите ве слушав и неподелено ни е мислењето, јас како министер и Владата во целина односно прво Владата, па јас како нејзин извршен дел заклучив дека треба на тие луѓе да им се помогне. Иако правиме реформи, а реформа мислам дека не е во тој обем да го почитувате Законот и еднаш за секогаш да застанете на негова страна и да не го кршите и тоа е реформа и така ќе го прифатиме, заклучивме дека на тие луѓе треба и оваа година да им се помогне.

Жалам што морам да го повикам господинот Караџоски, тој изгледа симатично се однесува спрема мене стално ме прозива кога рече дека сме биле исти, дека сме колеги, дека сме дипломирани правници, точно е дека е така, меѓутоа, господине Караџоски морам да ви одговорам во нешто се разликуваме. Во оној дел каде рековте дека двајцата не ја познаваме работата во која сме. Тоа е половината вистина, може да важи за вас, а за мене не. Тоа е првата работа.

Втората работа што сакав да ви кажам исто така во некои работи се разликуваме. И вие прифативте да работите во земјоделието и јас прифатив да работам. И вие мислевте дека ќе успеете и јас мислев дека ќе успеам арно ама вие побегнавте пред време, а јас останав и ќе си ја завршам работата за која што сум. Јас ти тврдам дека до Велигден, ако не веднаш по Велигден парите ќе ги добијат за оваа реколта. Затоа што работев, сработив и не побегнав, како што некои други тоа го направија.

Значи, сакам да кажам нема отстапување од реформскиот курс на Владата. Нема отстапување од заклучокот за тоа дека државни гаранции повеќе нема да се даваат. Нема отстапување од тоа дека ќе правиме правила на игра, на пазарот да играат силните, на пазарот да бидат сите еднакви, на пазарот да не се кршат правилата на игра така што некому ќе дадете пари затоа што не знае да работи и ќе го бојкотирате силниот кој со труд и мака ги прави парите и сака да ги вложи во тутунскиот бизнис. Ќе правиме се и мислам дека ќе успееме, правилата на игра да ги спроведеме до крај, силните да станат уште посилни, а оние што се слаби и кои не знаат да работат таму повеќе да ги нема. Луѓето, тутунопроизводителите не треба да се грижат за тоа дека нивната мака нема да биде платена, нема да се грижат

заради тоа што нема да произведуваат тутун. Ќе произведуваат тутун, но оние што ќе им го купуваат и што ќе го плаќаат нема да бидат овие што до сега го правеа тоа.

Ако имате откупна сезона во која половината од тутунот е платена и само шест претпријатија успеале да платат, а сите други до 13,14, 15 не платиле ниту денар, тоа значи дека вниманието треба да го насочиме тие таму да ги нема.

Заради информација за вас и за целата македонска јавност да ви кажам Владата има заклучок во кој, гледајќи ги состојбите, значи не ги преспа овие денови, не се вклучи доцна, како што некои тврдат, туку ова го следи од секогаш, донесе заклучок во кој стои дека тутунските претпријатија, ќе се согласиме ги има три категории. Првата и најважна категорија за нас е категоријата што добро работи што откупува и плаќа. Втората категорија е оние кои откупуваат а не плаќаат. И трегата категорија се оние кои ниту откупуваат ниту плаќаат и такви има годинава. Такви се на број пет, имињата на јавноста нема да ги соопштувам.

Заклучокот гласи: министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија ќе донесе, не може да донесе, ќе донесе решение за одземање на дозволата и ќе го примени членот 16 од Законот за тутун. Такви решенија ќе донесам, а се допаѓало некому или не. Оние што ќе останат во тие тутунски претпријатија ќе бидат згрижени. Тие ќе имаат шанса да склучат договори со оние што можат да откупуваат тутун и да плаќаат и тие нема да останат без работа. Ќе водиме сметка веднаш тоа да го решиме и тоа со закон. Како ќе го решиме? Така што оние што се силни и јаки ако не сакаат да примат од овие слабите што ќе им ја земат лиценцата, тие што се тутунопроизводители на тоа подрачје таму да не работат, ќе најдеме мерки и ќе ги санкционираме. Кој сака да се занимава со тутун мора да води сметка и за солидарност. И тоа за солидарност помеѓу купувачите и преработувачите и за солидарност помеѓу нив од една страна и тутунопроизводители од друга односно да им помагаат тогаш и така кога и како, но тутунопроизводителите ќе имаат таква мака.

Втората категорија тоа се оние кои откупуваат, ги знаете веќе, а кои не плаќаат или кои што неможат да платат. Таа категорија за нив стои обврска да побараме да си обезбедам средства и да си го платат тутунот што го откупиле, а кој не го платиле а имаат договори. Таа категорија нема да добие решение за престанок веднаш, туку откако ќе направи максимални напори да обезбеди средства и да си го плати она што го направиле и доколку тоа не го стори тогаш ќе се преиспита пак проблемот со евентуалното одземање на дозвола, меѓутоа, не тогаш и така кога и како евентуално ќе биде на сметка на индивидуалните производители.

.-

Затоа, ако рековте дека сте ме читале, многу читате, морам да ви кажам, ми припишуваат се и сешто што ни сум јавил ни сум сонил така да изјавам како тоа дека директорите ги кријат парите и слично не е точно, таква изјава не сум дал, ќе ви кажам каква изјава дадов сега.

Зборот ми е ќе одиме на реформи, реформи се и ова да го применувате Законот и последниот и најважниот заклучок ќе се обидеме да донесеме нов закон за тутун, веќе е формирана ресорска група, утре почнува првиот состанок и работата на новиот закон за тутун. Каков закон ќе направиме ќе ве консултираме сите, ќе го дадеме на расправа, сите ќе кажат каков закон ни е потребен, ќе помине овде и кога ќе го донесете ние тој закон што ќе го донесете ќе го примениме.

Сега малку за тоа дали и колку сме спиеле во текот на откупната сезона, Прво, моја должност беше уште кога стапив да проверам кој може да плаќа имав шест состаноци со нив и на сите шест заклучивме дека сите ќе обезбедат средства. На последниот состанок еден директор на големо откупно претпријатие, реков имиња нема да спомнуваме, преку свое претставништво рече дека ме лажел, јас не реков дека сум излажан, туку ме лажеа. Меѓутоа, она што зборував за парите е следното. Како последица на нашите напори да си обезбедат средства и да си направат договори со силните фирми дојде до склучување на шест договори во вкупна вредност од 6.994 илјади долари и тоа за периодот од 8 јануари, па до крајот на јануари. Значи, по состаноците на кои им кажавме дека пари нема веднаш најдоа и склучија договори во вредност од 7 милиони долари кои ги криеја заради тоа што се надеваа дека не треба да ги појават и не треба да подигнат кредит да ги дадат договорите како гаранција, бидејќи секоја банка ќе им даде кредит штом имаат од каде да им земе пари, туку ги криеја мислејќи дека Владата пак ќе им даде гаранција, па ќе можат од две места да земат пари. Еднаш од Владата, односно од Буџетот, ќе ги потрошат тие пари, нема да ги вратат, Буџетот ќе стане посиромашен уште за нови десетина милиони евра и потоа овој кредит ќе го искористат, односно овие пари ќе си ги искористат за своето редовно работење едните ќе ги нема засекогаш, а другите ќе им служат за да можат да вртат некоја паричка за да можат да работат. Ако може така и ако некоја Влада може така да работи дајте да продолжиме и ние да работиме во тој дел.

Каде гледам решение? Па, гледам решение. Ќе се трудам каде што ќе може и каде што ќе биде потребно да го кажам своето мислење ќе се борам за него, ако ништо друго барем како адвокат научив своето мислење да го почитувам и за него до крај да одам и дури кога не сум во право. Па, еве како ги гледам решенијата.

Прво, решението го гледам во тоа што правилото на еднаквост на пазарот бара да осмислите, да пропишете и заштитите норми за кои пазарот ќе го направите еднаков за сите. Во тој дел Владата ќе биде немилосрдна и ќе пропише правила, зборувам за тутунот, кои апсолутно мора да ги почитуваат сите кои ќе бидат еднакви за сите и чие почитување ќе даде резултати, а тие резултати ќе бидат силни да бидат уште посилни, слабите да зајакнат, а оние што не ги бива да ги нема.

Второ, ќе се потрудиме во обласа на тутунот да внесеме решенија со кои државата ќе биде елиминирана од пазарот на тутунот, односно решенија со кои државата ќе ја има само регулаторната улога и надзорната улога и улогата на спроведувач односно извршувач на законите и прописите, за да може да ги заштити и едните и другите. Едните тутунопроизводителите, ова за што зборувавме, а другите вработените во комбинатите од несоодветно работење на менаџерските тимови. Колку и дали ќе успееме во тој дел да изнајдеме, пропишеме и заштитиме соодветни правила на игра останува да видиме. Јас сум сепак отпимист и мислам дека во тоа ќе успееме. А, што се однесува до средствата еве сега можам да соопштам денеска конечно се завршија сите разговори, стоковите резерви се продадени, тие мора да се обноват, со обновата на стоковите резерви ќе се употребат средства за откуп и тоа само за откуп, а не за пласман на голи пари за да може никој да ги присвои за откуп на тутун и тој што ќе има тутун на залиха што не му е продаден, што ќе може да ги земе парите да ни продаде тутун, да ги наполниме стоковите резерви, тој ќе добие средства. Ќе интервенираме, по мое мислење, така што сите еднакво ќе ги намириме, односно никој нема да биде привелегиран или со други зборови лошото работење на менаџерските тимови ќе се обидеме да го покриеме со принципот на еднаквост, бидејќи тутунопроизводителите не се виновни зошто има лоши менаџери на пет места, туку има лоши менаџери кои придонеле за тоа.

Затоа мислам ова што денеска го зборувавме е во ред и во иднина би ве молел, имајќи предвид дека Владата е сепак извршен орган на Собранието дека извршува закони и прописи, битката за тоа како да го решиме проблемот на тутунот е во тоа да го нормираме и донесеме прописи кои вие треба да ги донесете овде, а откако ќе ги донесете ќе кажете кои се најдобрите решенија, ќе ги дадете на Владата да ги спроведе и таа ви ветува дека тоа ќе го направи без пардон до крај и она што мислам дека е најбитно во рамките на правната држава и владеењето на правото во Република Македонија. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, во врска со почитувањето на законите би сакал реплика затоа што ние конкретно денеска се обидовме како членови на Парламентот да понудиме солуција, решение кое може да има и краткорочна, но може да има и долгорочна димензија.

Ние се стремиме кон Европската Унија. Владите на Европската Унија на Германија, Франција, Голема Британија, сигурен сум дека не ги кршат законите и не го нарушуваат начелото на рамноправност на пазарот кога издвојуваат 40 милијарди евра да го помогнат земјоделското производство ширум Европа. Дали е тоа пченица, тутун, сточарски производи. Значи, тоа е едноставно правило во тие кои ги усвоиле во ЕУ и по кои се подведуваат. Токму затоа беше конзистентна мојата дискусија во врска со дискусијата за Буџетот дека треба да издвоиме пари затоа што сме земја која потпишала Спогодба за стабилизација и асоцијација, чекориме кон Европа и согласно нивните законски прописи треба да постапуваме и ние.

Тутунопроизводството е земјоделско производство.

Второ, гаранциите, во Република Македонија постои Закон за гаранции. Собранието на Република Македонија и одобрува на Владата дали може одредени средства конкретно кои ги има во девизните резерви Владата може да донесе закон зо кој ќе се задолжи и ќе ги употреби за одредена намена. Значи, повторно работиме по закон. Работата е само дали ќе го практикуваме законот веднаш, тогаш кога има потреба од тоа, а евидентно е, барем според мене, дека има потреба токму за тие граѓани кои произведуваат тутун и во од да ги решаваме проблемите или со реформите ќе почнеме така што тие ќе болат и граѓаните на Република Македонија, најсиромашните најдиректно ќе го почувствуваат тоа.

Значи, во двата предлози и заклучоци кои беа на Комисијата, еден од заклучоците на Комисијата беше отфрлен, се оди на тоа точно е тоа дека треба да се почитуваат законските норми затоа што тие се едноставно претпоставка за законско функционирање и почитување на редот и поредокот на Република Македонија. Меѓутоа, исто така треба да се обидуваме секогаш да изнаоѓаме решенија. Ние имаме средства, имаме институции - Бирото за стокови резерви, имаме кредитни механизми, имаме начин преку деловните банки да го спроведеме и

.-

во Собранието да донесеме закон за гаранции толку колку што е потребно за да може склучените договори, извозни договори да бидат поддржани со средства кои ќе бидат веднаш исплатени на тутунопроизводителите, затоа што тоа е наше право, грижа за економскиот и социјалниот аспект на граѓаните на Република Македонија, а потоа ние тука во Собранието како законодавен дом и Владата како извршна власт ќе ги разрешиме дилемите како кој работел, дали согласно законските прописи или спротивно од законските прописи. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Министерот за земјоделие бара збор.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Од ова што го слушнав денеска дека претходниот министер предлага Собранието да донесе закон со кој ќе се задолжат институциите на системот да обезбедат гаранции заради исплата на тутунот произлегува дека во овој момент имам признание дека Владата на Република Македонија тоа не може да го прави затоа што нема закон кој треба да се донесе и мислам дека натамошната расправа околу прашањето дали Владата треба да интервенира е безпредметно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Караџоски реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Чувствувам потреба за една реплика со оглед да голем број од дискусијата министерот потроши со мене во кои работи сме слични, уште во една, двајцата сме адвокати покрај дипломирани правници и тоа јас станав адвокат благодарение на неговиот потпис, тогаш господинот Петров беше претседател на Адвокатската комора и тој ме прими во Адвокатска комора, дали е грешка или не тој може да пресуди.

Од друга страна овде можеби и мене лично ме повикаа за членот 41 од Уставот, добро е да се знае дека Уставот пропишува дека Владата треба да ги спроведува законите од Собранието и тоа е многу добро и голем дел од дискусијата

.-

господинот министер потроши како треба да се почитуваат законите за да на крајот повторно да заклучи дека и овој пат Владата ќе го прекрши и Уставот и законите односно Министерството и ќе излеземе во пресрет на граѓаните. Јас така ве сватив, но неспорно е дали ги прекршуваме или не, мене ми е драго барем едно што слушнав, пак не го слушнав датумот утре беше за утре, но сега испадна по Велигден е можно, но не е битно, битно е што поскоро тутунопроизводителите да бидат исплатени, колку што ве разбрав кажавте дека тоа ќе биде исплатено во целост. Значи, не е битно сега дали законот се прекршува, дали ќе оди преку стоковите резерви, битно е да се откупи, односно да се плати маката на тутунопроизводителите. Јас од вашата дискусија сфатив дека тоа ќе се стори за брзо време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ајде да привршуваме полека.

Господине министре ама и вие ќе седите тука.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прво, реков дека исплатата ќе биде рамномерна за сите оние во рамките на средствата што ќе се обезбедат и веќе се обезбедени од 7.245 иљјади долари од продадениот тутун од 1998 година. Под поимот на рамноправност не подразбирам и целосност, туку напротив имаме рамноправност во поглед на сите тутунопроизводители кои мора да покажат солидарност во овој дел затоа што сите се во иста состојба. А, тврдењето дека Владата и овој пат го прекршила законот апсолутно не стои затоа што ние продаваме тутун од реколтата 1998 година од стоковите резерви затоа што неговото натамошно стоење може да дојде до целосно пропаѓање и за сметка на тоа ги пополнуваме стоковите резерви со откупување нови количини тутун за кои ги пласираме парите каков што тутун имаат. Ако е тоа кршење на законот признавам дека сме го скршиле законот, меѓутоа мислам дека ги пополнвуаме стоковите резерви преку продажба на она што во овој момент мислиме дека ќе пропадне ако и понатаму остане во тие резерви.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Блаже Стојановски, реплика. на дискусијата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Најнапред сакам да го поздравам она што го слушнав последно во оваа дискусија, а тоа е дека парите конечно ќе дојдат до оние кои ги заслужиле односно

.-

до тутунопроизводителите. Уште подобро ќе беше доколку слушнев дека цената која што ќе ја плати и која ја гарантира државата, ќе биде најмалку 111 денари, меѓутоа, за жал, тоа не може да се реализира, како што слушнавме во дискусијата.

Се надевам дека несериозната Влада ќе стане сериозна и навреме ќе ги решава прашањата, затоа што тутунот од 1998 година кој што беше спомнат дека стоел, можело да се продаде и пред отпочнувањето со откупот односно да не се доведуваат тутунопроизводителите во вака трауматично состојби, со оглед на неможноста да се исплати откупениот тутун.

Исто така, сметам дека она што беше кажано од страна на министерот дека Владата нема да го крши законот, а од друга страна наоѓа начин да го исплати тутунот, тоа значи дека истиот начин можела да го примени навреме, а не сега.

Трета работа која сакав да ја кажам, тоа е дека Владата требало да води сметка дека откупот на тутунот во сите минатигодини досега никогаш не е направен без поддршка на државата на директен или индиректен начин. Кој е тој начин, дали ие по законот за тутун, дали со давање на гаранции, далил со пополнување на испразнетите стокови резерви во Бирото за стокови резерви, тоа е веќе друго прашање. Главното прашање е дека државата, Владата требало да биде подготвена и навреме да излезе во пресрет на состојбат која што значи исплата на предадениот тутун. Се надевам дека ќе води сметка и за лошата година, сите оние временски непогоди кои што се случија во минатата година, а се надевам и оваа година во однос на овоштарството.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој веќе не бара збор, го заклучувам претресот по Информацијата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да можеме да гласаме.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесе Предлог заклучоци содржани во извештајот на Комисијата презентиран до Собранието.

Пратениците Жарко Караџоски, Блаже Стојановски и Ѓорѓи Оровчанец поднесоа Предлог-заклучоци кои исто така Ви се поделени.

Ќе гласаме по редоследот на поднесените заклучоци.

Предлогот на заклучоците содржани во извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство . . .

Пред да ги ставам на гласање само ве молам да ми кажете колку присутни пратеници имаме.

Имаме доволно пратеници.

Заклучоците на Собраниската комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство ги ставам на гласање.

Доколку поминат заклучоците на Комисијата тука завршуваме, затоа што автоматски другите заклучоци не се прифаќаат. Ако тие паднат, тогаш одиме на второто гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, а во салата се присутни 62 пратеници.

За гласале 15 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не е усвоен.

Предлогот на заклучоците поднесени од пратениците Жарко Караџоски, Блаже Стојановски и Ѓорѓи Оровчанец ги ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 64 пратеници.

Гласањето го поништувам.

Ве молам никој да не притиска копчиња за тие што не се присутни во салата.

Минуваме повторно на гласање.

Во салата се 62 пратеници и не може да има повеќе гласови од тоа.

Минуваме повторно на истото гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за глалсале 19 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на заклучоците, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Блаже Стојановски и Ѓорѓи Оровчанец, не се усвоени.

Со тоа дневниот ред на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија е исцрпен и ја заклучувам седницата.

Продолжуваме со работа со пратенички прашања во четврток во 10,00 часот. Седницата е закажана. Во петок во 12,00 часот денес закажав седница, на која ќе се обрати господинот Борис Трајковски.

Седницата заврши во 17,05 часот.